Универзитет "Св.Кирил и Методиј” во Скопје

Филозовски Факултет-Скопје

Студиска програма Меѓународни односи - разрешување конфликти

# “РАЗРЕШУВАЊЕ НА КОНФЛИКТОТ ОД 2001 ГОДИНА ОД СТРАНА НА МАКЕДОНСКАТА И АЛБАНСКАТА ЕТНИЧКА ЗАЕДНИЦА”

-магистерски труд-


Ментор: Проф. д-р. Зоран Матевски

Кандидат: Шпреса Асани Мемиши


Скопје, 2021

**Содржина**

**Вовед......................................................................................................................5**

**1. ДЕФИНИРАЊЕ, ЦЕЛИ, ХИПОТЕЗИ И МЕТОДИ НА ПРЕДМЕТОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ...................................................................................................8**

**1.1. Дефинирање на проблемот на истражувањето.............................................8**

**1.2. Теоретско определување на предметот на истражувањето........................10**

**1.3. Цели на истражувањето..................................................................................14**

**1.4. Хипотези...........................................................................................................15**

**1.5. Методи и техники на истражувањето............................................................16**

**2. ПОИМ, ДЕФИНИРАЊЕ, ВИДОВИ И ПРОУЧУВАЊА НА КОНФЛИКТИТЕ ВО ОПШТЕСТВОТО ...............................................................................................19**

**2.1. Дефинирање на конфликтот ..........................................................................19**

**2.2. Изучување на општествените конфликти.....................................................21**

**2.3. Пристапи и проучувања на општествените конфликти..............................22**

**2.4. Општи карактеристиким на општествените конфликти............................26**

**2.5. Почеток на општествените конфликти, нивно различно толкување и теории за..конфликтите................................................................................................30**

**2.6. Видови општествени конфликти..................................................................34**

**2.7. Посредни причини за појава на општествените конфликти......................36**

**2.8. Непосредни причини и мотивациски фактори за појава на конфликтите во општеството.........................................................................................................38**

**3. ОПШТИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОПШТЕСТВЕНИТЕ ПРОЦЕСИ, КОНФЛИКТНА СИТУАЦИЈА, КОНФЛИКТНО ОДНЕСУВАЊЕРАЗРЕШУВАЊЕ НА КОНФЛИКТИТЕ....................................................................................................39**

**3.1. Елементи на општествените процеси ...................................................................39**

**3.2. Фази, етапи и динамика на општествените процеси ..............................................41**

**3.3. Дефинирање на конфликтната ситуација.................................................................43**

**3.4. Стратегиите на конфликното однесување................................................................44**

**3.5. Битни показатели за предвидување на динамиката и интензитетот на пошироките општествени конфликти.........................................................................................46**

**3.6. Ескалација на општетсвените конфликти................................................................48**

**3.7. Решавање и превенција на конфликтите во општеството.......................................50**

**3.8. Резултати и исход од појавата на конфликти..........................................................54**

**4. АНАЛИЗА НА ПЕРИОДОТ ОД НЕЗАВИСНОСТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ПА СЕ ДО ПОЈАВАТА И ЗАВРШЕТОКОТ НА КОНФЛИКТОТ ВО 2001 ГОДИНА........................................................................................................57**

**4.1. Анализа на периодот од независноста на Р. Македонија па се до почетокот на конфликтот..............................................................................................................57**

**4.2. Најголемиот безбедносен ризик во Р. Македонија од 1991 до 2001..........................60**

**4.2.1. Други останати безбедносни ризици за Р. Македонија.........................................62**

**4.3. Општа состојба на етничкиот конфликт помеѓу македонското и албанското население.................................................................................................................63**

**4.4. Што се случи во 2001 година и дали требаше потреба од појава на конфликт....................................................................................................65**

**4.5. Улогата и влијанието на меѓународниот фактор.......................................................68**

**4.6. Третирање и категоризирање на конфликтот од меѓународен аспект....................70**

**5.АНАЛИЗА НА СТАВОВИТЕ И МИСЛЕЊАТА НА МАКЕДОНСКАТА И АЛБАНСКАТА ЕТНИЧКА ЗАЕДНИЦА ВО ОДНОС НА РАЗРЕШУВАЊЕ НА КОНФЛИКТОТ ОД 2001 ГОДИНА..........................................................................78**

**5.1. Анализа на ставовите и мислењата на македонската етничка заедница во однос на конфликтот од 2001 година и на процесот на неговото разрешување.......................80**

**5.2. Анализа на ставовите и мислењата на албанската етничка заедница во однос на конфликтот од 2001 година и на процесот на неговото разрешување...........................93**

**Заклучок.........................................................................................................................107**

**Користена литература..................................................................................................110**

## ВОВЕД

Конфликтите кои што се појавуваат во едно општество претставуваат такви сложени-комплексни појави кои што се јавуваат како резултат на се поголем број на противречности, интереси и цели кои што постојат помеѓу самите учесници кои живеат и дејствуваат во едно општетство. Колку повеќе е изразена потенцијалната и актуелната конфликтност на едно општество, толку повеќе самото тоа ќе биде поларизирано на повеќе групи кои ќе се карактеризираат со различни услови за живот и статус. Сами по себе, конфликтите се многу сложени и структуирани.

Процесот на разрешување на конфликтите се дефинира како еден значаен-модерно општествен феномен, со помош на кој што се создава таква ситуација каде што се овозможува ограничување на остринат и интензитетот на самиот конфликт без оглед на тоа дали конфликтот е од внатрешна или пак надворешна природа. Разрешешувањето на конфликтот опфаќа еден многу сложен процес, кој што придонесува за комплетноста на појавениот општетствен конфликт, и за терминолошките нејаснотии и разликувања во самото истражување. Новите војни кои што се појавуваат во светски рамки често се случуваат при распадот на една држава. Веднаш после тоа започнуваат вооружени судири помеѓу спротивставените заедници за контрола над самата земја, кои што имаат една цел:наметнување на нивната сопствена дефиниција за национален идентитет на државата и населението кое што живее во неа.

Ако во минатото со помош на војни се создавале нови држави, денес новите војни прават распад на држави. Сите конфликти и војни во светот се случуваат во едни определени историски услови, па како резултат на тоа потребен е доволен временски

период за да во целост се разгледаат причините за тие конфликти. Воениот конфликт од 2001 година, остави еден свој сопствен белег во историјата на нашата земја.

Појавата на конфликтот од 2001 година влече корени уште од самиот распад на втора Југославија и добивањето на независност на Република Македонија. Во тој временски период од еден длабок размер беа создадени политички, социјални и економски промени во земјата, при што тогаш плурализмот се манифестираше со помош на формирање на политички партии кои наместо идеолошкиот, поседуваа силен етнички карактер. Во тој временски период, политичките скандали и корупцијата, уништената економија како и влошените меѓуетнички односи беа причина што дополнително ја дестабилизираа земјата.

Со самиот устав од 1991 година, албанците во Р. Македонија ги изгубија своите права кои формално ги уживаа со Уставот на Социјалистичка Република Македонија од 1974 година. Во Уставот тие повеќе не фигурираа како реален етнички фактор на оваа земја и истиот беше усвоен без поддршка на албанските пратеници во тогашниот состав на Собранието.

Како што одминуваше времето настапи еден тежок период каде во Република Македонија настанаа едни комплексни социо-економски и политички промени кои што се појавија како резултат на самата транзиција, при што тогаш голем број на индустрии се затворија, а со самото тоа беше регистриран зголемен раст на сиромаштијата. Процесот на приватизација беше придружен со повеќе нерегуларности, сериозни злоупотреби и слабости во законодавството. Тогашната влада во која учествуваа и албанци, веќе подолг временски период не можеше никако да најде решение за справување со самата настаната состојба во Република Македонија.

Политичкиот живот во Македонија во периодот од 2000 до 2001 година се карактеризираше со етнички - националистички партии. Во тоа време албанците не беа

пропорционално застапени во администрацијата и другите државни структури, иако во тогашниот парламент имаше албански претставници како и албански министри во самата владина коалиција.

Тогашната етничка нееднаквост дефинитивно создаде атмосфера на конфликт и ги собраа стотици албански војници да дебатират за овој етнички проблем, уште во ноември 2000 година во време кога сеуште траеше војната во Прешево. Официјално, на 16 февруари 2001 година, во село Танушевци почнува конфликтот помеѓу Армијата на Република Македонија (АРМ) и Ослободителната Народна Армија (ОНА) кога се регистрираше и првата жртва од конфликтот. На овој датум му претходат низа напади врз Македонската полиција, како и случајот во Теарце, за кои ОНА јавно превземаше одговорност.

Конфликтот заврши со самата интервенција на меѓународните фактори и потпишувањето на Охридскиот Договор на 12 ноември 2001 година. Конфликтот траеше во текот на целата 2001 година, а на крајот резултираше со многу човечки жртви од двете страни, при што беше уништен голем број на материјални добра, вклучувајќи тука и верски објекти како манастири, цркви и џамии.

однесување кое постоеше порано. Со самото завршување на  конфликтот, голем број на македонски и албански експерти започнаа да изнесуваат различни мислења и ставови во однос на причините за појава на конфликтот, како и од сопствена гледна точка да ја анализираат настанатата конфликтна состојба.

## 1. ДЕФИНИРАЊЕ, ЦЕЛИ, ХИПОТЕЗИ И МЕТОДИ НА ПРЕДМЕТОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

### 1.1. Дефинирање на проблемот на истражувањето

Севкупната основа на конфликтите се наоѓа мошне длабоко во противречностите и спротивностите кои што се наоѓаат помеѓу интересите, вредностите и ресурсите. Како резултат на ова, како најефикасен начин за вистинско надминување на конфликтите е целосна неутрализација на сите спротиставености. По својата содржина конфликтите претставуваат променливи и динамични појави, кои што во општеството се појавуваат во секој тип на едно општествено уредување.

Појавата на конфликти, не претставува само проблем за нашата земја, туку еден голем и комплексен проблем кој се карактеризира со меѓународни размери, па како резултат на ова потребно е надлежните институции да преземат заеднички мерки за полесно откривање на сите можни причини за појава на конфликтните ситуации, се со цел преку најсоодветен начин да се изнајдат конкретни начини за решавање на самиот конфликт.

Конфликтот се дефинира и како постојана содржина на социјалното егзистирање во општеството на повеќе различни нивоа. Теоретичарите на конфликтот се тие кои што постојано ја истакнуваат важноста и на „конфликтот со длабоки корени“ и т.н.”хроничен конфликт”, кој што конфликт од генерација на генерација се пренесува бидејќи самиот тој продира во потребите за сопствен и личен идентитет и комплетна сигурност.

Меѓутоа и покрај се, неопходна е потребата за превентивно дејствување и научените лекции од конфликтот да бидат повторно соединети со една единствена надеж дека можностите за мирен и конструктивен дијалог во регионот се повеќе од реални, можни и речиси целосно остварливи. Денеска, по две децении од неговата појава, постои

политика на дијалог и едно заемно почитување наместо екстремистичко насилство и Конфликтот претставува конкретна форма на интеракција која што постои помеѓу различни групи, каде што главната намера е да се наметни, уништи или пак да се преземе контролата врз групите во едно општеството. (Eugene, 1998:4)

Светските научни кругови секојдневно прават постојани обиди за да го објаснат феноменот на етничките конфликти како и ново појавените форми на меѓуетничките односи, кои во денешни услови и околности претставуваат потенцијална опасност за демократиите на земјите и мирот насекаде во светот.

Етничкиот конфликт опфаќа концепт на „етничко војување" кој концепт е целосно заведувачки, пред се затоа што тој ја наметнува Хобсовата војна на „сите против сите", каде етничките конфликти се предводени од мали воени групи, кои изјавуваат дека се убиваат и дека се борат во името на некој многу поголем ентитет (Mueller, 2000: 42).

Конфликтот се јавува кога на групите им се ограничуваат определени права, ресурси, придобивки и слично. Конфликтот во голема мера е тој кој што го зголемува процесот на внатрешна кохезија во рамките на групата од една страна, а од друга страна создава такви услови кои ги изострува непријателските чувства кон групата со која се наоѓа во конфликт (Ташевска 2007: 49).Конфликтот се дефинира како нормална појава во секоја динамична заедница, при што истиот тој по својата природа не се дефинира како деструктивен (Berghe, 1987:5).

Главен акцент на ова истражување ќе биде насочен кон анализа на конфликтите и процесот на нивно решавање, со посебен нагласок на конфликтот од 2001 година во Македонија - анализиран од гледна точка на македонската и албанската етничка група, воглавно претставувани од нивните политички партии. Во овој труд ќе се истражат причините за појава на конфликтот, неговиот тек, неговите последици и процесот на неговото решавање.

Во однос на ваквиот контекст и правец на работа, ќе бидат презентирани повеќе битни клучни точки во однос на самиот конфликт како што се дејствијата на неговото започнување во селото Танушевци, неговиот тек, неговото проширување во Тетово, во регионот на Липково, периферијата на Куманово како и за проширувањето на конфликтот во некои села во Скопје како што се Арачиново, Радуша  и Лkillботен. Исто така ќе биде објаснето и потпишувањето на Охридскиот Рамковен Договор и неговата содржина, а ќе биде опфатен и временскиот период каде настана прекинот на огнот. Меѓутоа посебен осврт ќе се стави на различните ставови и разлики во однос на конфликтот од страна на македонската и албанската етничка заедница.

Од огромна историска и научна важност е темата која што е предмет на изработка на овој труд. Од научен апект, од посебно значење е да се потенцира дека конкретното научно објаснување за оваа тема преку конкретни податоци и веродостојни информации ќе го потврди и збогати научното знаење во однос на ставовите за конфликтот од 2001 година и разрешување од страна на македонската и албанската етничка заедница. Исто така, дадена е една  комплетна и прецизна анализа во однос на појавениот конфликт како и  начинот на неговото решавање.

## 1.2. Теоретско определување на предметот на истражување

Во овој дел преку теоретското определување на предметот на истражување ќе спроведеме дефинирање, селекција и разгледување на постоечките научни сознанија кои се однесуваат на самиот предмет на истражувањето. Ваквите сознанија за предметот на истражувањето се од суштинско значење за изработка на темата која што е предмет на овој магистерски труд.

Дефинирањето на поимите конфликт и војна претставува солидна основа се со цел да бидат разјаснети повеќе прашања кои што се поставуваат во однос на конфликтот во нашата земја од 2001 година, односно за тоа дали во нашата земја во 2001 година постоеше само конфликт или пак таквиот појавен конфликт создаде ситуација во која имавме почеток на војна. Тогашниот состав на Собранието не прогласи воена состојба во Македонија. Сето ова го поткрепуви со членот 124 од Уставот на нашата држава според кој воената состојба настапува единствено само кога претстои една непосредна воена опасност од реален напад врз нашата земја или пак кога Македонија е нападната или пак од некоја друга земја и е објавена војна. (Устав на Р.М.,член 124).

На почетокот на овој труд ќе го дефинираме конфликтот од повеќе различни аспекти, се со цел да се добие едно прецизно дефинирање и реална претстава на конфликтот како поим. Терминот конфликт доаѓа од латинскиот збор conflictus, кој означува процес на несогласување, односно феномен кој што низ една акција и раздвижување создава деструктивно однесување кое вклучува насилство (Skinner, 1972:2).

Конфликтите се дефинираат како еден динамичен феномен, кој опфаќа манифестен конфликтен процес кој е составен од повеќе фази на иницирање, контролирано одржување, ескалација, процес на стивнување, постапка на разрешување на појавената тензија, како и едни отворени антагонизми, кои што претставуваат еден конститутивен елемент на еден општествен систем. (Rollins, 2000: 14).

Во литературата постојат голем број на различни толкувања и дефинирања на конфликтите, а ваквата разлика се јавува како резултат на разликите кои што се забележуваат во идејната и теоретската ориентација на самиот автор во однос на пристапот на дефинирањето на самата општествената појава. Исто така во практиката се евидентирани различни ставови во однос на параметрите за решавање на конфликти, па

затоа се јавува еден недостаток на консензус за овие карактеристики помеѓу голем број на различни автори.

Етничките конфликти се дел од социо-политичкиот систем и самите тие избувнуваат за да предизвикаат процес на деструкција на системот и насилство. Етничките конфликти во едно општество се случуваат помеѓу најмалку две етнички групи кои се дел од самото тоа општество. Етничката група, се дефинира како различна група на луѓе кои се идентификуваат едни со други како резултат на едно вистинско или наводно заедничко наследство - историја, раса, биолошко потекло, родови врски, јазик, религија, култура, изглед, националност или територија (Hobsbawm and Ranger, 1983:1).

Самото разбирање на етничките конфликти пред се е условено од страна на разбирањето на бројни аспекти на етничките односи и самата етничка интеракција која постои помеѓу етничките групи. Во однос на процесот кој го опфаќа изнаоѓањето на севкупните причини за етничките конфликти, науките заклучно со денес се уште се многу далеку од приближувањето на објаснувања. Самите тие се движат кон проценките дека причините се меѓузависни, многустрани и променливи (Brown, 1996:4).

Постојат повеќе видови на конфликти. Некои од нив се однесуваат на богатствата и моќтта, некои имаат идеолошка позадина, некои се поврзани со вредностите, меѓутоа посебно место меѓу нив зазема етничкиот конфликт кој што се случува помеѓу две етнички групи. Етничкиот конфликт има повеќе фази. Истиот започнува со предконфликтна фаза каде што се уште не се разгорени сите страсти помеѓу етничките групи и тогаш е најпожелно да се интервенира.

После тоа следи конфликтната фаза каде што спротивставените страни ги бранат своите интереси на повеќе можни начини (воени интервенции и сл). Дури на самиот крај следи онаа завршна фаза на конфликтот каде не се бараат средства и начини со помош на кои што ќе се реши етничкиот конфликт.

Решавањето на конфликтот претставува сложен процес кој што со својата природа придонесува за комплетноста на појавениот конфликт, и за поимните терминолошки разликувања во самото истражување. Во литературата се среќаваат повеќе автори кои што креираат едно различно прецизирање на процесот на решавање на конфликтот. (Avruch,2009:2).

Во однос на процесот на решавање на појавениот конфилкт постојат повеќе начини. Еден од нив е компромисот кој што опфаќа таква постапка каде што една од страните е таа која што доброволно се откажува од своите интереси и барања по пат на нејзино повлекување. Вториот начин е “моќта на посилниот”, а тоа е кога посилната страна ја доведува во една независна позиција другата страна и ја принудува да се откаже од сопствените интереси.

Последниот начин на решавање на конфликтот опфаќа медијација што подразбира вклучување на медијатор-посредник во процесот на решавање на конфликтот. Претходно наведеното опфаќа вклучување на трета страна која што секогаш не мора да биде вклучена во процесот на решавање по барање на двете страни, туку може да се случи таква ситуација каде што третата страна самоволно ќе се приклучи како резултат на повеќе причини. Медијатор може да биде поединец, држава или пак група. Учесниците во појавениот конфликт во најголемиот број на случаеви бараат помош од трета страна како резултат на неколку битни причини. Една од таквите причини е кога за решавање на конфликтот се исцрпени сите аргументи од двете страни, а другата битна причина е кога двете страни инсистираат упорно на сопствените интереси и барања (Vukadinović, 2004:94).

### 1.3.Цели на истражувањето

Основната цел на овој труд е на еден правилен, реален и детален начин да даде една комплетна претстава и веродостојна анализа во однос на појавениот конфликт во 2001 година во Р. Македонија како и начините за неговото решавање. Сето тоа ќе се анализира преку ставовите на македонската и албанската етничка заедница. Во однос на оваа првична цел произлегуваат две дополнителни цели: научна и практична цел.

- ✓ **Научна цел** - Ако тргнеме од самиот факт дека во нашиот случај се работи за една прилично сериозна проблематика која што има мошне длабоки корени во минатото на нашата земја и за истата постојат различни мислења и ставови од страна на двете етнички заедници кои беа дел од самиот конфилкт, тогаш во таков случај сметам дека овој труд ќе овозможи прибирање на една сеопфатна низа на податоци кои ќе најдат соодветно место во научните дисциплини кои што се занимаваат со ваквата проблематика. Мое размислување е дека сите собрани податоци за ова истражување ќе овозможат целосно остварување на научната цел, по пат на научна анализа на конкретната појава.
- ✓ **Практични цели -** Практичните цели на оваа научно-истражувачката работа пред се, ќе бидат насочени кон целосна и детална анализа и препознавање на начините во решавањето на конфликтите со посебен акцент на конфликтот во Македонија од 2001 година. Врз основа на ова, како поединечни практични цели следат:

✓ Теоретско проучување на конфликтите;

✓ Истражување на сите индикатори и фактори кои ги детерминираат сите причини за појава на конфликтот како што се причини, услови и поводи (со посебен акцент на конфликтот од 2001 година);

✓ Анализа и претставување на сите позитивни искуства и чекори со помош на кои што се реши конфликтот од 2001 година

✓ Анализа на различните ставови за причините за конфликтот од страна на македонски и албански теоретичари

Ако тргнеме од самата констатација дека појавата на етнички конфликти не претставува проблем само за Р. Македонија, туку самата таа појава опфаќа еден поширок-покомплексен проблем кој што се карактеризира со меѓународни размери, тогаш во таков случај потребно е да се преземат такви чекори со помош на кои што ќе се овозможи една многу поголема соработка на надлежните институции во насока на едно полесно откривање на причините за појава на самите конфликти, како и изнаоѓање на едни соодветни начини и чекори за нивно решавање. Исто така со помош на ова истражување ќе се утврди дали начинот врз основа на кој што се реши конфликтот од 2001 година претставуваше најправилен и најбезболен начин со помош на кој што се избегнаа дополнителни негативни последици за двете етнички страни кои беаучеснички во конфликтот.

### 1.4.Хипотези

**Генерална-Главна хипотеза:**

Решавањето на конфликтот од 2001 година беше резултат на заедничка координација помеѓу меѓународната заедница и принудното политичкото единство во земјата, меѓутоа и до ден денес двете етнички заедници кои што беа вклучени во конфликтот, имаат различни ставови и мислења во однос на причините за појава на конфликтот, неговото разрешување, како и различен став за предностите и последиците за македонската и албанската етничка заедница кои што произлегоа од самото негово решавање.

**Дополнителни хипотези:**

- И покрај сите различни размислувања, ставови и заклучоци за конфликтот од 2001 година помеѓу македонската и албанската етничка заедница, сепак самите тие се

сложуваат единствено само во едно дека: улогата на Меѓународната заедница претставуваше главен фактор без кој не можеше да се реши појавениот конфликт.

- Кај мнозинството од македонска етничка група до ден денес доминира ставот според кој со самото решавање на конфликтот и со потпишувањето на Охридскиот Договор им се дадоа многу права и привилегии  на албанското население кое што живее на територијата на Р. Македонија.
- Кај мнозинството од албанското население доминира ставот дека со разрешувањето на конфликтот албанската етничка заедница која што живее во Р. Македонија, на хартија ги доби своите права како етничка заедница, меѓутоа и до ден денес, албанското население во Р. Македонија се бори за целосна реализација на своите права, како и за остварување на сето она што беше предвидено со Охридскиот Договор.
- Денес во нашата држава се создаваат услови во однос на целосно прифаќање и валоризирање на новите вредности во однос на афирмирање на поголема демократија и поголема рамноправност на сите етнички заедници кои што живеат во Р.Македонија.

### 1.5.Методи и техники на истражување

Во самата изработка на овој труд се применува **аналитички пристап**, со помош на кој што се разработува теоретската рамка за научна анализа на конфликтите, со посебен осврт на конфликтот во Македонија од 2001 година. Исто така се анализираат различните ставови и мислења на македонската и албанска етничка заедница во однос на самиот конфилкт. Во однос на ова, посебен нагласок се става на неговото разрешување.

**Преку примената на индуктивниот и на дедуктивниот метод,** во овој труд  се дојде до конкретни и прецизни сознанија за севкупната динамика и состојба на промените кои

што ја детерминираат проблематиката која е предмет на самото истражување. Применувањето на дедуктивниот метод е целосно неизбежно затоа што со помош на овој метод се спроведува откривање на сите составни компоненти на појавата и нивното целосно дејствување врз целината. Исто така со дедуктивниот метод ќе се реализира укажување и потенцирање на она најважното при самото испитување, па веднаш после тоа ќе се даде конкретно објаснување за сите детали.

Во овој труд ќе бидат применети и следниве методи:

- ✓ Анализа
- ✓ Компарација
- ✓ Интервју

**Со помош на анализата** како метод се спроведе конкретна и детална обработка на сите достапни материјали, во однос на конфликтот од 2001 година. Во однос на истражувањето како литература беа вклучени голем број на книги, on-line бази на податоци, извештаи, релевантни публикации, како и сите останати објавени материјали за конфликтите и конфликтот од 2001 година во Р. Македонија.

Со помош на **Компаративниот метод** се изврши компарација на сите добиени податоци, изнесени информации, заклучоци и изнесени факти во јавноста од страна на дел од македонската и албанската етничка заедница, при што преку една компаративна анализа се изврши детално анализирање на нивните ставови за конфликтот од 2001 година во Р. Македонија.

Со помош на **методот на интервју** се овозможи интерактивен процес.Итервјуирани лица од македонската и албанската етничка заедница врз основа на моите претходно изработени прашања дадоа конкретни и веродостојни одговори во однос на темата која што е предмет на изработка на ова истражување. Со примената на овој

метод се овозможи добивање на потребни информации и податоци од страна на испитаниците во однос на разрешувањето на конфликтот од 2001 година помеѓу македонската и албанската етничка заедница, како резултат на нивните одговори и изјави кои се одраз на нивното мислење, искуство, знаење, случување или доживување за темата која е предмет на изработка на овој труд. Со помош на примената на овој метод, од моја страна испитаниците внимателно беа сослушани, се со цел за да се направи правилно искористување на конструктивното нивно раскажување и селективно искористување на сите добиени информации за временскиот период додека траеше интервјуто.

# 2. ПОИМ, ДЕФИНИРАЊЕ, ВИДОВИ И ПРОУЧУВАЊА НА КОНФЛИКТИТЕ ВО ОПШТЕСТВОТО

## 2.1.Дефинирање на конфликтот

Конфликтот како поим потекнува од латинскиот збор “conflictus”, кој што претставува веќе постоечки спор помеѓу две или повеќе страни, како и процес на несогласување помеѓу страните кои се учеснички во појавениот конфликт (Skinner, Freedom, Dignity, 1972: 43).

Ако од една генерална смисла се тргне од неговото значење, тогаш во таков случај конфликтот може да биде опишан како феномен кој низ процес или состојба на раздвижување и акција вклучува процес на насилство и создава деструктивно однесување.

Во поширока смисла на зборот, процесот на решавањето на конфликтите ги опфаќа сите методи и процеси на решавање на појавените конфликти помеѓу поединци, групи или пак земји-односно држави, меѓутоа разрешувањето на конфликтите во потесна смисла на зборот претставува конкретен концепт на управување со конфликти. Ваквиот концепт, односно неговата примена како за цел си поставува:

- целосно елиминирање на насилната промена на однесувањето
- непријателски ставови
- елементи на политички и социјални структури кои што создаваат насилен конфликт (Coser, 1996: 24)

При постоење на конфликт, дијалогот е тој со помош на кој се креира една хоризонтална врска која што опфаќа процес на комуникација која постои помеѓу сите страни кои што се засегнати со самиот конфликт. Страните кои што се дел од конфликтот кој што веќе се појавил, како прво и основно треба да воведат, односно да креираат

конкретен внатрешен дијалог, со помош на кој што ќе бидат разјаснети сопствените претпоставки и ставови .

Дијалогот се состои од претставници на различни страни во конфликтот (владини претставници, војската, академските институции, граѓанското општество, и слично), а исто така опфаќа учество и на надворешни актери. Постигнатото заедничко прифатливо решение на сите засегнати страни во конфликтот се дефинира како основна цел на дијалогот (Brown, 1983:54).

Conflict prevention, односно превенцијата на конфликтот, опфаќа отстранување на сите оние причински услови врз основа на кои што би можело да се случат конфликтите, при што самата превенција на конфликтите главниот фокус го става на:

- општествените односи
- спротивставени страни
- поширокиот спектар на аспектите на оние социјални реалности кои што имаат силно влијание на условите од економска, политичка и културна природа

Во литературата евидентирани се повеќе различни толкувања и дефинирања на општествениот конфликт, меѓутоа ваквата појавена разлика пред се, претставува последица на големите разлики кои што можат да се забележат во теоретската и идејната ориенација на авторите во однос на самиот пристап при дефинирањето на општеството и општествената појава.

Идентификацијата на конфликтот може да биде реализирана и преку функционалното општествено-теоретско гледалиште кое се дефинира како таква концепција со помош на која се реализира процесот на целосно идентификување на конфликтот по пат на социопатолошки и негативни појави.

## 2.2. Изучување на општествените конфликти

Конфликтот во себе опфаќа повеќе натпреварувања, спротивности, како и процес на инкомпатабилност на средствата, целите, вредностите и интересите (Бакрески, Милашиновиќ, Кешетовиќ, 2012: 68).

Процесот на изучување на конфликтите претставува еден битен аспект на кој што треба да се посвети огромно внимание со единствена цел,да не се дојде до голем број на несакани дејствија кои што можат да бидат појавени на национално и меѓународно ниво. Според дијалектичкиот модел на Дахрендорф: “ниту “Марксовата теорија, ниту концепција на радикалниот и структуралниот функционализам во однос на толкувањето на конфликтите, не се во состојба конкретно да ја објаснат сложената структура на општеството во кое денес живееме”.

Во практиката се евидентирани повеќе истражувања на светско и национално ново. Кога станува збор за практиката, во праксата постојат голем број на автори кои конфликтите во општеството ги набљудуваат од едно т.н. филозовското гледиште на општиот тоталитет, потенцирајќи дека постојат и едни процеси кои се јавуваат во поспецијална форма на тотализација. Конфликтите од една директна позиција на марксистичката теорија, опфаќаат тензична состојба и едни отворени антагонизми, кои што опфаќаат еден битен конститутивен елемент на секој систем во едно општетсво, како и конститутивен елемент на самиот општествен систем.

**Кога станува збор за динамиката битно е да се потенцира дека претходно наведената динамика креира едно такво посебно нагласување на значењето на** противречноста, каде што поларизацијата на групите кои се дел од самото општество, кулминира со соодветни глобално-општествени кризи. Конфликтите се фактор, на

модернизациски промени, или пак фактор на регресивните историски промени. Во регресивните историски промени спаѓаат расните, националните и верските промени, додека пак во модернизациските промени спаѓаат т.н. класни промени.

Со други зборови, во реалноста се е условено од:

- начините и условите врз основа на кои што се појавуваат конфликтите
- карактерот на постоечките актери во конфликтот
- идеолошките околности
- културните околности
- можноста за создавање на компромис помеѓу страните во конфликтот (Brown, 1996:4).

## 2.3. Пристапи и проучувања на општествените конфликти

Општествените конфликти се дефинираат како едни од оние основни општествени појави, каде што цивилизацска свест која е различна, обичаите, културата, етницитетот и расата имаат голема важна улога во однос на: севкупното издигнување на социопсихолошкото ниво во групата, меѓународната тензија, како и на омразата и нетолерантност кои доведуваат до појава на конфликтот (Skinner, Freedom, Dignity, 1972: 47).

Голем број на теоретичари постојано расправаат за природата на конфликтите, за нивните фази, причини, начинот на регулирањето и начинот на нивното решавање. Овие теоретичари доаѓаат од различни области како што се општествените науки, психологијата, филозофијата, воената историја, правото, социологијата и слично.

Кога станува збор за општетсвените конфликти битно е да се нагласи дека свеста во вакви случаеви е премногу значајна, меѓутоа не и т.н. “одлучувачка карактеристика на општествените антагонизми и соочувања”, бидејќи во праксата постојат и такви видови на конфликти кои што се масовни и кои имаат стихиски карактер, а таков е случајот кога постои конфликт помеѓу различните социјални агрегации како што се: маса, група и толпа.

Самото поврзување на општествените конфликти со т.н. “класни антагонизми” е премногу значајно посебно кога постои остра класна поларизација и класи, меѓутоа битно е да се нагласи дека различни облици на општествени конфликти и борби постоеле во праксата ногу порано пред појавата на класната диференцијација (Baylis, Smith, 2001: 31).

Широк распон и една долга историја има теориската мисла за општествените конфликти. Во однос на теорискиот дискурс, самиот тој е мошне широк,гледано од теолошки, биолошки, утопистички, етички и геополитички учења. За севкупната сложеност на феноменот на општествениот конфликт сосема доволно зборува нивниот третман дека конфликтите претставуваат елемент на самата суштина на општествениот живот. Комплексноста на конфликтот се забележува и во севкупните ставови дека тие претставуваат:

- главен-основен придржувач на општествениот развој (Маркс)
- болести кои што веднаш треба да се лекуваат (Конт)
- материјализација на животната сила, како и волја за стекнување на моќ (Coser, 1996: 24)

Конфликтите во општеството, се набљудувани од страна на голем број на автори како едно филозофското гледиште на т.н. општ тоталитет. Човекот живее во еден свет каде што

постои нетолошки собир на држави во разновидни и постојани меѓусебни конфликти (Ackerman, 1999:55).

Со историски развој на општествата се ширело полето на општествениот конфликт, при што покрај конфликтите, човековата заедница се карактеризира со: солидарност и соработка, чуството на лојалност и севкупна припадност, како и процес на колективна сила и ангажираност која што постои помеѓу групите и поединцит и се прикажуваат и дефинираат како едни фундаментални одредници.

Г.Зимел конфликтот го дефинира како еден вид на конфликтен облик на социјализација, при што со самото вакво дефинирање нагласува дека ниту една општествена група не може да биде целосно хармонична, пред се затоа што во такви околности самата таа би била лишена од нејзин развој (Coser, 1996: 24)

Според вредносното гледиште, општествените конфликти се општествено непожелни, додека пак според марксистичката теорија-конфликтите се дефинираат како состојба на тензија и како една ситуација која опфаќа отворени антагонизми, кои претставуваат конститутивен елемент на конкретниот систем на самото општество. Општествените конфликти (според објективно-функционалното и субјективното-вредносното мерило) опфаќаат една иста категорија на општествени појави кои што се сметаат за неповолни и негативни.

Според објективното гледиште, општествениот конфликт укажува дека конфликтот е толкуван како:

- дисфункционален
- екцесен
- неповолен (Skinner, Freedom, Dignity, 1972: 43)

Во раниот функционализам толкувањето на конфликтите како еден вид на болести на општествениот организам и нивното изедначување со т.н. социопатолошката состојба се напушта мошне брзо, бидејќи помеѓу општествениот конфликт и социопатолошки девијации постои еден севкупен однос на суприматија и подреност.

Во однос на ова, потребно е да биде направена една комплетна поимна дистанца помеѓу општествената дезорганизација и општествената дезинтеграција. Општествена дезорганизација опфаќа процес на различни, но сепак блиски содржини.

В.Томас и Ф. Знаниецки се американски социолози, при што според нив: “оваа дезорганизација ја опфаќа појавата на опаѓање на општественото влијание на целината на општествените процесии” (Brown, 1996:15). Меѓутоа, постојат и такви теоретичари кои што говорат за општествената дезинтеграција како за процес кој содржи распаѓање на целата општествена целина или пак мали делови. Според У.Ц.Вашмут: “општествените конфликти треба да се набљудуваат како социјална ситуација” (Brown, 1996:16).

Конфликтот не смее да биде ограничуван по пат на процени и оцени, бидејќи тој претставува социјална ситуација каде што учествуваат најмалку две страни, односно групи на држави и поединци кои што поседуваат целосно различни појдовни точки и различни цели кои можат да бидат остварени само од една од страните, како и оние кои поседуваат таква можност преку која употребуваат различни средства за реализација на една иста цел.

Оние автори кои се дел од т.н. граѓанска провиниенција, инсистираат само на психолошките фактори како и на елементот на свеста, кој што претставува основна содржина во процесот на дефинирање на конфликтот. Според овие автори, конфликтот претставува свесна интеракција која постои помеѓу две групи кои тежнееат кон целосно реализирање на меѓусебни неспоиви цели (Eugene, 1998:4).

Во практиката постојат голем број на различни толкувања според кој што се одредува општествениот конфликт, кои се последица на севкупните разлики во однос на теориската и идејната ориентација на авторите во однос на пристапот на толкувањето на општествените појави и самото едно општество. Повеќе одредени истражувачи со цел да ги опфатат и поедностават ваквите прашања, конфликтот го дефинираат како состојба на разновидни појави.

Општествениот конфликт го дефинира и рускиот социолог Т.З.Голенкова, ѕпоред која: “конфликтот претставува конфликтен судир на интереси, насочен кон борба за освојување на власт, економски вредности, како и други останати морални и културни вредности. Со други зборови, според неа, конфликтот претставува состојба на спротивни погледи, интереси, цели и идеологии на различни: индивидуи, социјални групи и класи” (Eugene, 1998:4).

Општествените конфликти исто така опфаќаат една состојба на спротиставености, натпреварувања и инкомпатибилност на средствата, вредностите, целите и интересите. Денес во општеството, постојат повеќе различни докажувања и натпреварувања кои што не поседуваат суштинско влијание на состојбата и динамиката на едно општество (Mueller, 2000: 42).

### 2.4. Општи карактеристики на општествените конфликти

Општествените конфликти се дефинираат како комплексни појави кои што во општеството се појавиле како резултат на повеќе спротиставености, судир на интереси и цели. На ваков начин се доаѓа до констатацијата дека ако едно општество е поларизирано на групи со различни животни и статусни услови, тогаш во таков случај повеќе ќе биде поизразена неговата сопствена актуелна и потенцијална конфликтност. Сите оние

несогласувања и големиот број на залагања кои постојат низ сите спротиставени ставови, не се дефинираат како една битна карактеристика само на конфликтите, а тоа е резултат на фактот што сето тоа претставува една вистинска одлика на оние расправи каде што постојат повеќе разлики во самата расправа (Rollins, 2000: 14).

Конфликтот од квалитативна и суштинска гледна точка опфаќа многу повеќе од само едни спротиставени несогласувања и ставови, затоа што конфликтите како појава во општетсвото претставуваат едни посебни динамични борби на сите оние колективни општествени субјекти кои што се одвиваат меѓусебно.

Во практиката постои еден однос на подреденост и суприматија помеѓу социо-патолошките девијации и конфликтите, бидејќи самите појави кои поседуваат еден конкретен израз на дисфункционален конфликт, длабоко во себе имаат вградено карактер на едни патолошки и општествени појави во општеството. Што се однесува пак до дисфункционалните општествени конфликти битно е да се нагласи дека истите тие се набљудуваат како едни категории на општествени појави кои што се целосно своевидни.

Сосема неопходно е да биде креирана една дистанца помеѓу поимот "оштествена дезорганизација" и "општетствена дезинтеграција", се со цел да се креира еден процес кој што ќе опфати правилно разбирање на:

- значењето на појавениот конфликт
- суштината на појавениот конфилкт
- содржината на конфликтот (Rollins, 2000: 15).

Со самото креирање на организацијата на човековите заедници како и креирањето на општесвените врски па заклучно со денеска, се согледува таква ситуација каде што луѓето градат,односно меѓусебно креираат едни односи кои што често завршуваат со конфликтни ситуации, пред се заради остварување на нивните права, нивните желби и сопствените идеологии.

Конфликтот се дефинира како една континуирана содржина на социјалното егзистирање во едно општество на повеќе-различни нивоа, па како резултат на ова, конфликтот се дефинира како неодминлив феномен кон кој градат и заземаат соодветен став поединците во општеството, како и различните социјални групи кои постојат и егзистираат во едно општество (Baylis, Smith, 2001:72).

Конфликтот е динамичен феномен, и опфаќа манифестен конфликтен процес кој што во себе содржи повеќе фази како што се: фаза на иницирање, фаза на ескалација ,фаза на контролирано одржување, фаза на стивнување, како и фаза на разрешување.

Спротивностите и противречностите кои што постојат помеѓу вредностите, интересите и ресурсите лежат во основата на секој конфликт, при што како најсоодветен начин за ефикасно надминување на конфилктните претставува процесот кој опфаќа неутрализација на претходно наведените противречности и спротиставености (Coser, 1996: 32).

По својата содржина конфликтите опфаќаат динамична и променлива општествена природа во едно општествено уредување. Конфликтите се дефинираат и како еден вид на несогласувања за одредени појави, кои постојат помеѓу определени поединци или пак групи, па врз основа на ова започнува еден отежнувачки процес на нивното правилно утврдување во однос на нивните сопствени карактеристики.

Како што одминувало времето, така се создала и теоретска мисла за општествениот конфликт. Теоретската мисла своите почетоци ги бележи уште во XIX век, со процесот на развивање на социолошките и психолошките науки. Во тој временски период, колку едно општество повеќе се поларизирало на групи кои што имаат различни услови за живеење и статус, толку повеќе во таков случај во самото општетсво се изразувала неговата конфликтност (Booth, 1990:37).

Конфликтите се перципираат како ситуации кои поседуваат висок борбен степен. Секој оној кој учествува во еден конфликт целосно се стреми во самата таа конфликтна состојба да извојуваат победа, а сето тоа се потенцира со помош на фактот дека луѓето кои што живеат во едно општество многу често се стремат во самите конфликтни ситуации да ја искажат сопствената предност со помош на големиот ангажман како и со помош на строгата истрајност на сопствената позиција. Овој наведен модел на однесување, е комплетно проследен со зголемено ограничување на способноста за донесување на одлуки и способноста за перципирање. При процесот на прекинување или решавање на конфликтот, како една од неговите основни задачи е конкретното поставување на прецизен услов за елиминирањето на конфликтната експлоатација. Во однос на ова за секој степен на ескалација, потребно е да бидат пронајдени вистински исоодветни начини на дејствување и конкретни одговори кои што целосно ја ограничуваат и исклучуваат употребата на насилство и насилно однесување, при што за оваа цел треба да се креира една состојба каде што ќе се воспостави соработката за преговори помеѓу двете страни. Штом започне оваа фаза, неопходно е страните во конфликтот при донесувањето на секоја следна одлука да размислуваат целосно свесно, а во исто време да го планираат и секој следен чекор. (Horowitz, 1985: 97)

Штом се појави конфликт во едно општество, самиот тој е поинтензивен и многу поостар доколку предметот на конфликтот за учесниците во конфликтот е од поголемо значење и доколку општествената промена е поголема.

Врз севкупниот интензитет на конфликтот големо влијание поседува и системот на вредности како и идејната определба на членовите кои се дел од конфликните групи. Општествените конфликти претставуваат еден вид на борба каде што секоја страна е насочена кон остварување на победата, и борба каде што се развива една динамика која креира:

- процес кој опфаќа отежнување
- процес кој опфаќа исклучување на применувањето на правила кои претходно биле договорени (Skinner, Freedom, Dignity, 1972: 43)

Главниот суштински проблем на конфликтите се наоѓа во т.н. перманентната опасност за нивна ескалација, каде што повеќе се нагласуваат стратегиите кои што опфаќаат насилство и моќ. Кога еден конфликт од својата почетна фаза целосно ќе се разгори, тогаш настанува таква ситуација каде што сé потешко ќе биде истиот да биде ефикасно управуван и контролиран сé додека конфликтот:

- не излезе од контрола,
- не го пречекори т.н. праг на насилство
- не креира процес кој што опфаќа страдање и уништување

Доколку конфликтот со својата појава направи едно од претходните три набројувања, тогаш во таков случај во иднина ќе биде целосно отежнат животот на населението кое учествува во конфликтот (Buzan, 1998:11 .

## 2.5. Почеток на општествените конфликти, нивно различно толкување итеории за конфликтите

Самиот развој на одделни природни и општествени науки е заснован пред околу шест илјади години, при што човечката мисла уште многу одамна се занимавала со оние проблеми кои што модерната наука денес ги проучува, меѓутоа самата научна мисла на конфликтите во општеството се раѓа релативно малку подоцна.

Социјалната мисла која има посебно значење за изучување на општествените конфликти, е изразена најсликовито во делата на Конфучиј. За своето време Конфучиј нагласува дека: „Светот е тој кој што започнал да пропаѓа, при што вистинските принципи започнале да исчезнуваат, министрите започнале да ја отфрлаат сопствената круна, а синовите да си ги убиваат нивните татковци". Конфучиј врз основа на сопствените реформаторски и интелектуални погледи, своите напори започнал да ги насочувал кон т.н. повторно воспоставување на општествен ред и целосно враќање на човечкиот морал"(Mueller, 2000: 42).

Во историјата постојат голем број на различни толкувања за конфликтите во општеството, при што истите се сретнуваат најчесто под терминолошкиот израз "општествен конфликт". Во групата на тие толкувања се вбројува и античката мисла за општествениот конфликт. Според голем дел од филозофите кои постоеле и дејствувале низ времето и историјата, светот за нив претставува:

- тоталитет на сите промени, случувања и факти

вечна борба каде се вгнездени сите спротиставености кои создаваат ситуации и состојби на војна, несогласување и конфликТеоријата на Платон претставува значајна теорија која ги опфаќа сите настојувања со помош на кои што целосно треба да бидат објаснети сите фактори на општествените промени и општетсвените конфликти(Skinner, Freedom, Dignity, 1972: 43).

За разлика од Платон, Аристотел ако еден од најголемите филозови на античка Грција давал голем број на размислувања кои што имаат посебно значење за изучување на конфликтите. Овие негови размислувања не се дадени експлицитно, и самите тие се наоѓаат во сопствените негови ставови за политичкото уредување и ставовите за државата (Mueller, 2000: 43).

Според теистичко-теолошките толкувања, толкувањето на општетсвените процеси опфаќа повеќе спротивставености, а главната причина во однос на ова се наоѓа во фактот според кој што низ целата историја порано во минатото егзистирале голем број на религии и одредени религиски правци кои што имале еден сопствен-различен поглед врз светот. Според јудаизмот во прв ред се правдата и мирот, при што овдека основната идеја за воспоставување на мир претставува еден вид на столб кој е заснован врз визија за свет каде нема водење на борби и не постојат конфликти.

Во однос на теориите постојат и едни т.н. теистичко-теолошки, геополитички, филозофски, и малтузиски толкувања на општетсвените конфликти, кои што и покрај се, не успеваат објективно да дадат соодветен одговор на постоечките суштински прашања во однос на конфликтите како специфични општествени појави. Необјективноста на ваквите сваќања во себе содржи неколку сегменти како што се:

- Детерминирачки фактори и причини за појава на општетсвените конфликти се наоѓаат целосно надвор од самата социјална реалност во самите натприродни сили
- Повеќе фактори имаат комплетно големо влијание во однос на обидите целосно да биде разјаснет феноменот на општетсвениот конфликт, меѓутоа самите фактори не се целосно доволни за да бидат објаснети сложените појави на конфликтите
- Конфликтите се природно својство на човекот и на ова општество во кое ние живееме
- Во ова денешно време објективноста е целосно заменета со вредносните судови (Vukadinović, 2004:27).

Постојат повеќе видови на теории за општетсвениот конфликт како што се: психолошки теории, социо-психолошки теории, и социолошки теории. Почетокот на XIX век, го опфаќа развојот на социолошката ориентација и психологијата како посебни науки, при што овдека посебно внимание се посветува на теоретската мисла за

општествените конфликти на самата научна еволуција. Конфликтите кое се дел од самото општество се проучуваат како едни конкретни појави кои се произлезени од страна на психолошка сруктура на една личност (Rollins, 2000:14).

Основната карактеристика на психолошките конфликтни теории е дека самите тие се проучуваат како определени појави кои што се резултат на психолошката структура на личноста, како и на генетичката склоност на луѓето. Во групата на психолошките теории на конфликтот спаѓаат вкупно четири вида на теории:

- Инстиктивни теории на агресијата
- Теорија на фрустрациите
- Теорија на учењето
- Теорија на претставите

Социо-психолошки теории на конфликтите ги опфаќаат сите проблеми на општествените конфликти кои се однесуваат на социјалниот-психолошки пристап. Кај социјалните психолози, бенигната агресија опфаќа еден вид на дефанзивен карактер и истата таа е карактеристична и својствена за животинскиот свет , додека пак т.н. малигна агресија е карактеристична за луѓето-а комплетно непозната за цицачите. Во групата на најзначајни општетсвени филозофи се вбројува Е.Фром кој ги има истражувано суштинските прашања на општествените конфликти (Coser, 1996: 24)

Социолошки теории на конфликтите се карактеризираат по тоа што самите тие имаат една основна-почетна точка каде постојат меѓугрупни интеракции и динамика, а според овие теории основни причини за појавата на конфликтите се наоѓаат во општествените структури и инситуции (Skinner, Freedom, Dignity, 1972:49).

## 2.6.Видови општествени конфликти

Конфликтите во едно општетсво се разликуваат по:

- својата природа
- сопствениот интензитет
- функцијата која што ја имаат
- носителите
- средствата кои што се користат
- последиците
- начинот на решавање
- степенот на сопственото завршување(Coser, 1996: 24)

Од сето ова претходно наведено се доаѓа до констатацијата дека критериумите за класификација на општествените конфликти се целосно различни, при што оваа разлика претставува резултат на методолошката и теориската ориентација на различни автори. Конфликтите во самата внатрешност се премногу сложени и структуирани, бидејќи самите тие произлегуваат од севкупните постоечки разлики во однос на интересите, позицијата и вредносните на групите кои што се во конфликт. Евидентирани се повеќе поделби на конфликти во едно општетсво, што првенствено е условено со самата сложеност на општествената структура. Како најмногу користени критериуми, се оние критериуми кои што конфликтот го делат според:

- видот на социјалните групи кои што се јавуваат во улога на учесници во конфликтот
- последиците кои ги имаат конфликтите на одреден политички систем
- фактот дали самиот општествен конфликт е цел по себе

- фактот дали самиот конфликт претставува средство со помош на кое се остваруваат интересите и целите на страните во конфликтот
- начините на кои се решаваат
- природата на негово јавување
- средствата за кои се користат
- интензитетот
- последиците

Конфликтите исто така можат да бидат класифицирани и според неколку одредени специфичности, па врз основа на тоа разликуваме:

- латентни конфликти
- доминантни конфликти
- ненасилини конфликти
- насилни конфликти
- неконтролирани конфликти
- институционализирани конфликти
- идеолошки конфликти
- економски конфликти (Coser, 1996: 24).

Во практиката постојат и други критериуми за класификација на конфликти, па врз основа на тоа, ако тргнеме од оние  непосредни учесници во самиот конфликт, тогаш конфликтите се делат на:

- интерперсонални и интраперсонални
- конфликти на меѓународен, групен и индивидуален план
- меѓу-групни и внатрешно-групни

- међу-државни и внатрешно-државниК.Булдинг во онаа општа теорија на конфликтот разликува повеќе видови на конфликти кои што постојат помеѓу поединци, групи, како и конфликти помеѓу држави, а како резултат на повеќе специфичности, конфликтите ги дели на: етички, меѓународни, расни, индустриски, економски, политички, семејни, правни и идеолошки.

Меѓутоа, и покрај сите овие поделби на општествени конфликти, сепак како најзначајни општетвени конфликти се следниве четири вида:

- Класни
- Национални- каде што конфликтите кои што пред се, се засновани на повеќе битни карактеристики на повеќе раси или групи
- Верски-каде конфликтите се јавуваат помеѓу припадниците на различни религии
- Политички-каде конфликтите се јавуваат помеѓу политичките субјекти, како и помеѓу пошироките општествени или идеолошки групи(Skinner, Freedom, Dignity, 1972: 43).

## 2.7.Посредни причини за појава на општествените конфликти

Конфликтите се тие кои што се целосно засновани и условени од страна на повеќе битни фактори и дистанци, а во оваа група се вбројуваат:

- политички фактори/дистанци
- религиски фактори/дистанци
- културни фактори/дистанци
- економски фактори/дистанци

- етички фактори/дистанци
- статусни фактори/дистанци
- класни фактори/дистанци и сл

Сите овие претходно наведени фактори и дистанци не можат:

- прецизно да бидат одредени,
- да се квалификуваат хиерархиски
- да бидат раздвоени

Спротиставеноста во однос на мислењето и ставот за овие фактори и дистанци може да креираат такви линии на т.н.”расцеп” врз основа на кој што ќе можат да бидат формирани голем број на спротиставени вредности, интереси и ставови на групите во едно општество. (Baylis, Smith, 2001:32).

Како посредни причини за појавување на конфликтите се јавуваат повеќе битни фактори како што се:

- Политички фактори
- Економско-социјалните фактори
- Структурни фактори
- Културно-перцептуални фактори (Skinner, Freedom, Dignity, 1972: 43).

Од сите овие фактори како фактори кои директно или пак индиректно поттикнуваат голем број на конфликти се структурните фактори, и истите тие меѓусебно се условени помеѓу повеќе социјални групи, како што се: ниската стапка на стабилност на државната структура, целосно изразените нееднаквости и поларизација, високиот степен на сложеност на етничките конфликти како и општествените противречности кои што се сместени длабоко внатре во внатрешноста на самото општество.

### 2.8. Непосредни причини и мотивациски фактори за појава на конфликтите во општеството

Во самото општество постои процес на утврдување на неколку фактори кои што врз основа на својата природа дејствуваат мотивациски, а такви се власта, богатството како и општествениот статус. Претходно наведените фактори претставуваат главни-основни непосредни извори на конфликтите, кои постојат во едно општество.Богатството како мотивациски фактор, односно како непосредна причина за појава на конфликтите, се јавува како еден голем социјален мотив, бидејќи на општествените групи самиот тој им придава целосно различен однос, во однос на животот по пат на директно ширење на привилигираното чувство.

Власта како мотивациски фактор и како непосредна причина за појава на конфликтите се дефинира како извор и соодветен стимуланс кој што во себе содржи едно огромно значење. Власта исто така опфаќа состојба на единството на регулацијата и доминацијата, која што состојба ја карактеризира самата општествена заедница, се до денешно време, кога со помош на демократијата и демократските права се оспорува правото на носителите на доминацијата во однос на тоа тие да бидат единствени општествени носители на регулација.

Општествениот статус како трета непосредна причина поседува еден таков карактер на претпоставени вредности, кој ги има само оној кој поседува соодветно место во социјалната структура. Во однос на богатство и власта, низ историјата настанувале многу конфликти, при што овој вид на конфликти секогаш започнувал како конкретни борби за статус, по пат на дискредитирање на оние лица, кои што веќе одамна го имале креирано статусот во општеството (Horowitz, 1985:29 ).

# 3. ОПШТИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОПШТЕСТВЕНИТЕ ПРОЦЕСИ, КОНФЛИКТНА СИТУАЦИЈА, КОНФЛИКТНО ОДНЕСУВАЊЕ И РАЗРЕШУВАЊЕ НА КОНФЛИКТИТЕ

## 3.1 Елементи на општествените процеси

Поголемите дистанци постојано создаваат повисок степен на спротиставеност на диспозициите, кои што диспозиици, целосно се преобразуваат од т.н. “можна тенденција” во “реална тенденција”. Она што е поразлично и многу позначајно кај општествените фактори е предметот, објектот и субјектот на конфликтите.

Предмет на конфликтите претставува замислен и реален проблем, кој што служи како еден вид на мотив и причина за конкретна борба и конфронтирачки процес помеѓу самите групи во општеството. Овдека станува збор за непомирлива диференцијација на позициите за некоја работа која претставува еден вид на конфликтен проблем во општеството. Самиот предмет може да биде поделен на:

- наполно реален предмет
- наполно апстрактно прашање во однос на кое се спорат двајцата учесници во конфликтот(Coser, 1996: 24)

Овие конфликти со општествениот живот се целосно и неразделно поврзани. Основниот предмет на конфликтот опфаќа една основна противречност врз основа на која што самиот субјект е тој кој што влегува во т.н. “процес на борба” (Rollins, 2000: 14).

Овој проблем во вакви околности може да поседува:

- комплетно различен карактер

- целосно различна содржина (пример: остварување на интереси, добивање на власт, создавање на моќ, статус, углед, богатство и слично) (Coser, 1996: 24).

Објектот на конфликтот во себе опфаќа едни конкретни материјални и духовни вредности, при што истиот е составен од две битни работи:

- ресурси
- контролата над ресурсите (Eugene, 1998:4)

Врз основа на својата природа, ресурсите се делат на духовни и материјални. За да еден елемент постане т.н. “објект на конфликтот”, елементот мора да се наоѓа на крстосница на интереси кои се однесуваат на различните социјални субјекти. Субјектите и конфликтите се дефинираат како две или повеќе групи во едно општество, кои што се наоѓаат во една таква состојба каде што постои меѓусебен контакт помеѓу самите групи, и кај кои се присутни два вида на свест и тоа:

- севкупната свест за самиот тој контакт
- свеста за спротиставените интереси (Eugene, 1998:4)

Во голем број на случаеви социјалните конфликти се тие кои што можат да бидат персонификувани. Во вакви околности, секоја конфликтна страна како претставник има свој избран лидер и неколку идеолози, кои ги изнесуваат и претставуваат ставовите на сопствената група, при што навистина е премногу тешко да се востанови дали лидерот е тој кој што ја воздигнува или пак ја создава конкретната конфликтна ситуација. Во однос на лидерите, тие имаат една мошне сложена позиција кон спротивната и сопствената група во однос на поддршката и легитимитетот.

**3.2.Фази, етапи и динамика на општествените процеси**

Како што спомнавме на самиот почеток, еден општествен конфликт опфаќа конкретен конфликтен процес каде што според теориската анализа постојат две конфликтни фази и тоа: латентна конфликтна фаза и манифестна конфликтна фаза. Латентна фаза на конфликтот претставува таква фаза која се карактеризира по тоа што самата таа фаза целосно му претходи на општествениот конфликт. Овој вид на фаза во себе ги содржи сите оние елементи на конфликтот, освен манифесните конфронтациите, при што овдека во оваа фаза може да биде вклучена една низа на последователни настани или пак полседователни етапи на развојот на конфликтот. Кога станува збор за првата етапа, истата ја карактеризира севкупната појава на објективната конфликтна ситуација каде што целосно постојат две општествени групи. Овие групи поседуваат различни интереси, при што во вакви околности барем еден субјект или група ги сваќа своите сопствени интереси. Втората етапа претставува таков вид на етапа која што е целосно поврзана со првата етапа, додека пак третата етапа опфаќа конкретно сознание и артикулација на интересите и содржи комплетен-севкупен процес на создавање на повеќе пречки од страна на други субјекти, или пак група. Кај овој вид на етапа битно е да се нагласи дека истата таа може да и претходи на некоја друга етапа или пак временски да се совпаѓа со некоја.

Кога станува збор за етапите, значајно место помеѓу сите нив зазема и четвртата етапа која што не открива постоење на т.н. манифестен облик. Оваа етапа ги вклучува сите оние конкретни активности на една од страните, пред се заради еден вид на заштита на сопствените интереси што претставува основен почеток на еден конфликт. Ваквата постапка се дефинира како логички модел на идеален случај на развивање на конфликтот во едно општество.

Ако набљудуваме од позиција на идеален теориски модел, тогаш во таков случај манифесната конфликтна фаза се одредува со помош на два вида на акти и тоа:

- надворешни акти на однесување
- објективни акти на однесување кои се насочени против другата страна на конфликтот-под услов другата страна последна да стане свесна и да разбере што се случува за да превземе конкретни контра-мерки

Ваквата сложена формулација подразбира дека за целосно признавање на конфликтот неопходни се три услови, кои што услови меѓусебно се надополнуваат. Прwиот услов ја подразбира онаа ситуација каде што едниот учесник активно и целосно свесно дејствува на целосна штета на интересите на другиот учесник во конфликтот. Процесот на дејствување опфаќа процес на физичките движења како и пренос на повеќе дезинформации како што се:

- пропагандата
- усниот говор
- идеологијата
- мас-медиумите

Вториот услов за признавање на конфликтот опфаќа ривалска група која се обидува да дојде до конкретно сознание како и да разбере дека процесот на дејствувањето е насочен против нејзините севкупни интереси. Што се однесува пак до третиот услов за признавање на конфликтот самиот тој подразбира таква околност каде што вториот учесник кој што се јавува во улога на ривал треба да превземе повеќе активни-конкретни дејствија, кои што се насочени против првиот учесник во настанатиот конфликт (Eugene, 1998:4).

### 3.3. Дефинирање на конфликтната ситуација

Конфликната ситуација опфаќа еден сплет на повеќе интереси и околности, со помош на кои што се создава конкретна основа за креирање на реална конфронтација на општествените субјекти.

Субјективната претстава за разбирањето на конфликната ситуација е таа која што не мора нужно да одговара на реалната состојба на работите, бидејќи во самата свест за конфликтот секогаш постојат елементи на субјективизам, па врз основа на тоа во одредена мера таа е искривена и целосно необјективна (Mueller, 2000: 42).

Конфликното однесување претставува составен дел од секој конфликт и истиот опфаќа:

- обид на едната од страните во конфликтот да ја ограничи другата спротивна страна, како и целосно да го отежне севкупното остварувањето на нејзините зацртани цели и интереси обид целосно да ја истисне како и наполно да ја уништи спротивната страна која е учесничка во конфликтот, се со цел за да самата таа оствари корист на нејзина сметка (Rollins, 2000: 14).

Како резултат на сето ова претходно наведено се создаваат повеќе различни стратегии на борба кои што зависат од конкретниот однос кој што постои помеѓу спротивставените групи во конфликтот. Во теоријата постојат повеќе мислења во однос на елементите на конфликната ситуација кои што целосно се поделени, а како најчести елементи на конфликтите се следниве:

- конфликти на интереси
- севкупна структура на сите очекувања каде што постојат интересите

- објективната подготвеност
- способност на општествените групи преку која што креираат борба со помош на која ги остваруваат своите интереси

### 3.4. Стратегиите на конфликното однесување

Големо влијание врз интензитетот, динамиката и исходите на општествените конфликти имаат т.н. "стратегии на конфликтното однесување". Секој конфликт кој што се појавил, или неочекувано избувнал во едно општетсво, опфаќа повеќе видови на дејствија кои по својата надворешна природа се целосно различни и многубројни, меѓутоа за потребите на аналитичките цели, самите тие може да се вбројат во неколку класи.

Како најбитни стратегии за конфликтно однесување се издвојуваат следните:

- Соперничка стратегија (наметнување на другата спротивна страна и поволно решение за себе)
- Проблемско-одлучувачка или кооперативна стратегија кој опфаќа конкретно барање или пак решение кое е прифатливо за двете страни
- Стратегија на попуштање која што опфаќа процес на намалување на своите тенденции, во однос на нивно севкупно редефинирање, по што прекинувањето на конфликтот или пак прекинот на конфликтната ситуација станува многу помалку пријатен настан отколку што било предвидено
- Стратегија која опфаќа процес на излегувања или пак физички или психички избегнувања од конфликтната ситуација
- Стратегија на негативност, која опфаќа конфликтна состојба без било какви обиди постоечкиот конфликт да биде решен

При појава на конфликт во општеството, најчесто се применува комбинација која опфаќа повеќе видови на стратегии. Многу често конфликтот започнува преку кооперативно однесување, при што после неговиот неуспех се спроведува т.н. Стратегијата на соперништво која што може да биде целосно неефикасна. При постоење на ваква ситуација се преминува кон т.н. проблемски-одлучувачка стратегија која што доведува до креирање на едно целосно успешно решение на конфликтот (Rollins, 2000: 14.)

Од голем број на фактори на општествената ситуација е условен изборот на стратегија на однесување на конфликтните групи, но како најголема и најважна детерминанта на таквиот вид претставува ориентацијата на учесниците во самиот конфликт кој се појавил во општеството. Во зависност од тоа дали учесниците кои се дел од конфликтот ги интересира процесот на реализација или пак процесот кој опфаќа зачувување на сопствените интереси, се детерминира видот на избраната стратегија.

Прашањето кое се однесува на ефикасната стратегија претставува прашање кое што постојано се поставува во конфликтологијата, при што од гледиште на идеалниот модел како најефикасна стратегија е кооперативната стратегија, меѓутоа во реалноста конфликтната ситуација е премногу покомплексна и посложена. Целосниот успех на примената на стратегијата е условен од страна на повеќе фактори и причини, меѓутоа и покрај се, самите тие целосно не придонесуваат за еднакво однесување на учесниците во конфликтот кој што се појавил. Во однос на ова претходно наведено, од особена важност е да се нагласи дека овдека посебно важно е која стратегија ќе биде спроведена од страна на спротивната група. Во ваков случај ако и двете конфликтни страни спроведуваат т.н. стратегија на соперништво, тогаш преговорите нема да вродат конкретен ефект. Меѓутоа ако едната страна користи стратегија на соперништво, а другата страна применува кооперативна стратегија, тогаш во таков случај се доаѓа до ситуација која нуди

прифатливо-заедничко  решение. Врз основа на големиот број на примери и случаеви од минатото, во повеќе од 50% од конфликтите победува учесникот кој применува соперничка стратегија.

За Кооперативна стратегија придонесуваат повеќе фактори како што се:

- Голема заемна зависност на конфликтните учесници како и нивна намера заедно да работат во иднина се со цел да се реши конфликтната ситуација
- Голема склоност на учесниците да не се потпираат на постапки кои опфаќаат примена или употреба на сила
- Концентрација на севкупното внимание за решавање на заедничкиот проблем
- Целосна отцена на конфликтот како неважен и небитен
- Непристрасност на учесниите во самиот конфликт(Skinner, Freedom, Dignity, 1972: 43).

## 3.5.Битни показатели за предвидување на динамиката и интензитетот на пошироките општествени конфликти

Голем дел од оние истражувачи кои што постојано се насочени кон истражување на конфликтите кои се појавуваат во едно општество, дефинирале повеќе показатели врз основа на кои што може да се создаде процес кој што опфаќа рано откривање на конфликтите или пак предвидување на севкупната динамика на конфликтите. Исто така битно е да се напомене дека претходно наведениот процес може да опфати и предвидување на интензитетот и севкупната состојба на ескалацијата на пошироките конфликт.

Во однос на овие истражувачи, посебно место помеѓу нив завзема и А.П Шмид кој што е високо почитуван професор на Лајденскиот универзитет во Холандија, при што самиот тој во однос на конфликтите дава една конкретна листа која што опфаќа вкупно десет индикатори кои може да бидат применувани во анализата и интензитетот на конфликтите во едно општетство (Rollins, 2000: 17).

Во оваа група на индикатори се вбројуваат следниве:

- Процес на потикнување на омраза кој што може да биде креиран од страна на владата на една земја или пак самиот лидерот на опозицијата, како и применување и целосна употреба на говорот на омраза
- Процес кој што опфаќа вооружување на полицијата
- Цензурирање на јавни медиуми
- Правење на т.н. внатрешни чистки во вооружената опозиција
- Целосно непокорување на државата на сите сопствени закони
- Процес на нефункционирање на државниот систем за поделба на власта во самата државата
- Процес на т.н. недоволна судска непристрасност и негова неспособност целосно да се спротистави на сите постоечки притисоци на самата држава и општество
- Појава на еден процес или конкретна состојба која што опфаќа една немарност во однос на прекршувањето на сите постоечки права на човекот и активности со организиран материјал;
- Мошне лоша состојба на економијата во земјата кај која постои една тенденција на влошување
- Појавување на процес кој што опфаќа перцепирање на поголем број на надворешни закани

- Динамиката, самата суштина, севкупниот интензитет на конфликтот како и острината на конфликтите во општеството предизвикуваат членовите на групите или пак самите организации во конфликтот да бидат детерминирани од страна на повеќе околности и битни фактори. Конфликтната динамика има целосно влијание и врз промената на однесување на спротивставените страни кои што се учесници во самиот конфликт.

### 3.6.Ескалација на општетсвените конфликти

До ескалација на појавените општествени конфликти доаѓа при заострување на конфликтот во самото општетсво. Ескалацијата на конфликтите од една страна создава такви пречки при барањето на едни конкретни-заемно прифатливи решенија за двете страни кои што учствуваат во конфликтот, а од друга страна помага при севкупното ширење на конфликтот и бара дополнителни напори со помош на кои што ќе биде решен конфликтот кој што веќе е појавен (Skinner, Freedom, Dignity, 1972:54 ).

Во однос на ескалацијата, постојат вкупно девет нивоа на конфликтна ескалација кои што ја опишуваат конфликтната динамика, а во оваа група се вбројуваат следниве нивоа:

- Осификацијата-која што се дефинира како ниво на ескалација каде што севкупните гледиштата се целосно зацврстени. Во ова конфликтно ниво, надежта дека конфликтот ќе биде решен по пат на преговори сеуште постои, меѓутоа за тоа сеуште не постојат некои конкретни исклучиви позиции.
- Дебата-која опфаќа процес на поларизација на размислувањата, чувствата и желбите. При постоење на ова ниво се размислува во самите категории да биде

наметнато сопственото мислење или пак се допушта нешто да биде целсно наметнато.

- Акции- кои создаваат таква околност каде што противникот се става пред еден свршен чин
- Коалиции-клишеата и стереотипите-во денешно време се тие кои што добиваат едно поголемо значење, при што во вакви околности двете страни се тие кои што се обидуваат да добијаат што повеќе подржувачи
- Губење на добриот глас-во ова ниво се доаѓа до дирекни и јавни забранети конфликти кои што за цел имат целосно да бидат прикажани сите спротивставени страни во едно полошо светло
- Стратегија на закани-каде што меѓусебните закани растат постојано. Конфликтната ескалација се забрзува по пат на поставување ултиматум
- Спроведување на ограничени акции-со цел да се креира процес на уништување, при што во ваков случај спротивната конфликтна страна е таа која што хумано не се набљудува, туку напротив-се повеќе се спроведуваат ограничени акции со една единствена цел која е насочена кон уништување. Во вакви околности се повеќе се извртуваат вредностите, при што постои многу малата штета што спротивната страна ќе ја претрпи
- Распрскување-кое ниво создава таква ситуација каде основната цел е дефинитивно уништување на непријателскиот систем
- Заедно во бездна-без можност за враќање. Во вакви околнсоти се создава процес на тотална конфронтација, при што единствената цел е уништување на противникот(Eugene, 1998:4).

Кога станува збор за ескалацијата на конфликтите во едно општетсво, неизбежно е да бидат спомнати и оние позначајни фактори за ескалација на општествените конфликти во кои што се вбројуваат: индоктринацијата, пропагандата и хомогенизацијата.

Индоктринацијата претставува фактор кој што опфаќа одреден начин на однесување и верување, и истиот овој фактор секогаш е на страната на општествената институција каде спаѓаат:

- самата држава
- црквата
- одредени доктрини или теориски концепции
- планско, систематско и организирано наметнување на поединции на групи (Coser, 1996: 24).

Пропагандата дефинирана од страна на гледиштето на општествениот конфликт претставува конкретен концентриран напор каде што главниот правец на движење и дејствување е насочен кон создавање колективна свест, која пред се е заснована на прецизни и конкретни стереотипи кои поседуваат големо значително влијание врз интензитетот на конфликтите

Што се однесува пак до хомогенизацијата, истата таа се јавува како природен корелат на индоктринација, додека пак нејзината главна-основна суштина во вакви околности е насочена кон потиснувањето на свеста во разликите кои што постојат внатре во пошироката заедница, се со цел за да биде креирано чуството на единство и цврстина.

## 3.7.Решавање и превенција на конфликтите во општеството

Решавањето на конфликтите кои се појавуваат во самото општество претставуваат сложен процес кој придонесува за комплетноста на општетсвениот конфликт како и за поимно-терминолошките најаснотии и разликувања појавени во конкретното истражување.

Општествените конфликти претставуваат специфична појава при што процесот на нивното решавање се дефинира како значаен феномен на модерното време и општетство, со помош на кој се креира како ограничување на интензитетот, така и острина на самите конфликти. Решавањето на појавениот конфликт се постигнува преку создавање на целосна согласност која постои помеѓу учесниците на конфликтот во однос на сите постоечки спорни прашања, меѓутоа во практиката постојат само три основни начини на таквиот договор а тоа се: договор кој е постигнат како последица на целосно совпаѓање на мислењата на двете спротиставени страни, договор кој е постигнат во согласност со законската и моралната волја на некоја надворешна сила, како и договор кој што целосно е наметнат од само една страна која се јавува како учесничка во конфликтот.

Мошне специфична задача претставува процесот на решавање на конфликтот бидејќи конфликтот ако се анализира од еден традиционален начин, тогаш самиот тој опфаќа меѓународно-заострени државни односи каде што во главната улога се наоѓаат насилството и соперништвото. Во денешни услови решавањето на конфликтите се дефинира како феномен на денешното модерно општетство (Baylis, Smith, 2001:28).

Како најсовремен начин денес за решавање на конфликтот е процесот на посредништво-односно процес на медијаторството или пак посредување. Медијаторството опфаќа изнаоѓање на едно целосно прифатливо решение за конфликтните страни кои се јавуваат како учеснички во конфликтот. Врз основа на ова, конфликтот ќе биде решен со многу помалку отежнувања ако како прв план се стават постоечките интереси на спротивставените конфликтни страни. “Со помош на примената на медијаторските правила конфликтот се решава на еден многу поефикасен начин ако во прв план се наоѓаат интересите (Vukadinović, 2004:35 ).

Што се однесува пак до процесот на посредување, истиот може да биде целосно реализиран од страна на некои трети земји кои се ставаат во функција на разрешување по

пат на пренесување на ставови од една на друга страна за самиот конфликт, при што во вакви случаи овие т.н. трети земји поседуваат такво право со кое предлагаат сугестии и конкретни предлози.

Во намерата да биде создадена една ефикасна стратегија наменета за справување со современите закани, голем број на држави и меѓународни институции го насочуваат вниманието кон т.н. превентивно дејствување (Георгиева, 2006: 141).

Во денешни услови на дејствување и взаемно почитување и живеење, голем број на земји го поддржуваат процесот на превенција како основен и примарен принцип со помош на кој што се заменуваат сите реактивни меѓународни интервенции. Во денешни услови на заедничко живеење основната причина за нагласувањето на превенцијата како битен инструмент за решавање на вкоренетите причини за конфликти се дефинира како двострана.

Постапката на превенција во денешни услови на дејствување не опфаќа превенција на еден насилен начин за целосно справување со конфликтната состојба, туку напротив, самиот тој претставува- нераздолив дел од општествените односи како и премногу битен и важен основен предуслов за општествена промена. По пат на правилно насочени активности од економска, социјална и политичка природа, префенцијата на конфликтите може да креира процес со помош на кој што ќе се овозможи намалување на човечките, политичките и економските загуби од појавата на конфликтот во самото општество.

Онаа префенција која е ефикасна, бара трансформирање на конфликтот, а под сето ова се подразбира овозможување на засегнатите страни да се справат со сите причини кои лежат во позадина на конфликтот.

Концептот на трансформирање на конфликт се однесува на дејствијата и сите процеси кои се стремат да ги сменат битните манифестации и карактеристики на

конфликтот преку процес на решавање на основните причини во текот на еден значителен подолг временски период (Horowitz, 1985:25 ).

Примарна цел на ваквиот концепт подразбира трансформирање на негативниот деструктивен конфликт во еден значително позитивен конфликт кој е конструктивен. Инвентивното изнаоѓање на ефикасни методи за позитивно инспирирање на политичката волја на овие општества, станува една од најважните иако не толку видливи задачи, за успешна превенција на конфликти и хуманата безбедност во глобални рамки.

Од аспект на превенцијата на ризиците и заканите мора во предвид да се има дека секоја закана или специфичен ризик можат да се: анализираат, проценуваат, како и да се конструираат во модел за рано предупредување во согласност со неговата специфичност .

Превенцијата на конфликтите опфаќа повеќе иднивидуално вложени напори во соработка со други учесници, се со цел за да биде попречен процесот на:

- Настанување на конфликтот
- Интензивирање на конфликтот
- Ширење на конфликтот
- Повторување на конфликтот

Како најефикасен пристап за превенција на конфликтот е процесот кој во себе ги содржи разрешувањата на основните причини за конфликтот кој што се појавил во едно оштество. Сето ова подразбира долготрајно скапа стратегија која бара применување на визионерска заложба и размислување, се со цел за да бидат обезбедени средства за градење на еден позитивно-одржлив мир.

Превенирањето на конфликтите треба да опфати превземање на мерки со кои би се избегнала конкретната закана или пак мерки со помош на кои што ќе се избегне употреба на сила или други останати видови на присилни средства.

Ваквите видови на активности во реалноста опфаќаат:

- Процес на градење на доверба
- Преземање на мерки на безбедност за рано предупредување
- Превентивна распределба на мировници (Eugene, 1998:4).

Процесот на превенција на конфликтот може да биде спроведен пред ескалацијата на насилство во појавениот конфликт или веднаш после потпишувањето на мировниот договор, се со цел за да биде избегнато повторување на појавеното насилство. ”Ефикасните превентивни дејства кои што веќе се применети во самиот конфликт треба да креираат таква ситуација која што освен симптомите, ќе ги реши и ќе ги пронајде сите клучни причини за насилството, па затоа со право може да се потенцира дека како општо призната вистина е самото дефинирање дека основата на најголемиот дел од кризите и нестабилноста на конфликтот се последица на:

- ранливата состојбата на земјата
- меѓу-општествени немири
- неповолната положба на самиот глобален пазар

### 3.8.Резултати и исход од појавата на конфликти

На севкупниот конечен резултат општествените сили се тие кои што имаат директно влијание, меѓутоа и покрај ваквите сили, силно влијание врз конечниот исход на конфликтот имаат и околностите и контекстот кој е целосно надвор од можноста за влијание од страна на самите антагонизирани актери

Еден актер во конфликтот издвојува победа во процесот на борба во зависност од:

- можностите кои што му се на располагање

- како страните (кои не се јавуваат како дирекни учесници на конфликтот) го разбираат тој настанат конфликт и дали истите тие ќе се вмешаат во истиот (Buzan, 1998:11).

Врз конечниот исход на конфликтот влијае и начинот на кој ќе заврши конечната борба на антагонизираните актери. Во основа, конфликтите резултираат со повеќе одредени социјални промени, каде што секој конфликт не мора да води до промени ниту пак промените да претставуваат нужна последица на конфликтот. Мошне чести се случаевите кога конфликтот може да заврши по пат на премолчување, кога самите противници едноставно ќе престанат конфликтно да се однесуваат, а со самото тоа ќе ја прекинат борбата за спорните цели помеѓу самите нив. За разлика од претходно наведеното, дел од конфликтите завршуваат мошне брзо и често на отворено преку дирекни и индирекни преговори. Ваквиот процес може повеќе или помалку да биде индустријализиран, или да биде спроведен со помалку официјални правила за процедурите за решавање на конфликтот кој што настанал во општеството.

Резултатот на конфликтот има и некои заеднички аспекти како што е фактот дека сите противници можат да претрпат извесни загуби , како и дека сите противници можат да извлечат некакакви придобивки од резултатот и последиците на самата конфликта борбат. Од голем број на фактори и околности кои се различни по својата природа зависи на кој начин ќе заврши конфликтот и каков ќе биде неговиот конечен резултат кај две или пак кај повеќе антагонистички групи во однос на креирање на една т.н. привремена социјална рамнотежа. Во голем број на стручни литератури во најголем дел се спомнуваат само факторите кои имаат мошне големо значење за конечниот резултат на конфликтот, а такви се следните фактори:

- севкупните сили на оние актери кои што веќе се дел од некој отпочнат конфликт
- надворешните и општествените околности и сили со помош на кои што противниците можат да влијаат на нив
- крајниот начин преку кој што завршува општествениот конфликт (Rollins, 2000: 14).

Кога зборуваме за конфликтите кои што можат да се појават во едно општество, неопходно е да се потенцира дека ова во основа се сведува на т.н. “дихотомијата победник-поразен”, а сето тоа е основната димензија за секоја борба и секој конфликт. Во практиката се евидентирани вкупно пет можни исходи на идеалниот стандард на општествениот конфликт каде што едната страна е таа која ја уништува другата. Во вакви околности општествениот конфликт ќе заврши со доминација на другата страна, а на ваков начин ќе се воспостави и една рамнотежа помеѓу сите спротивставени страни кои ќе се трансформираат на таков начин кој што ќе придонесе конфликтот целосно да се надмине.

# 4. АНАЛИЗА НА ПЕРИОДОТ ОД НЕЗАВИСНОСТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ПА СЕ ДО ПОЈАВАТА И ЗАВРШЕТОКОТ НА КОНФЛИКТОТ ВО 2001 ГОДИНА

## 4.1. Анализа на периодот од Независноста на Република Македонија па се до почетокот на конфликтот

Временскиот период од 1991 до 2001 година претставува таков временски период кој што го опфаќа безбедносниот и политичкиот развој во нашата земја, односно ја претставува општата состојба каде е ставен еден посебен акцент на две мошне битни посебни сфери за политиката во Република Македонија и тоа:

- Севкупната поддршка од народот за временскиот период на оформувањето на Република Македонија како држава
- Перспективата на исходот од оформувањето на самите институции

Тврдењето да се вклучи само македонската нација во државата, секако беше на понизок развоен степен, отколку што тоа беше случај во повеќето устави на поранешните југословенски држави. Тоа е феномен што соодветно се нарекува „уставен национализам“, востановен од Роберт Хајден. (Hayden, 1999:71-72).

Исто така, овој временски циклус од некаде десетина години, во себе содржи и преглед на безбедносните закани и безбедносниот сектор за претходно наведениот временски период. Почетокот на посткомунистичката политика на Република Македонија, претставува таков период кој што се карактеризира со два позначајни настани:

- Одделувањето на Македонија од СФРЈ, како и прогласувањето на целосна независност со референдумот кој се случи во септември 1991 година, и кој опфаќаше почеток на посткомунистичката политика во земјата и процес на суверенитет за Република Македонија.

- Етничкиот конфликт кој се случи во 2001 година помеѓу македонската и албанската етничка заедница, кој се карактеризираше со големо и силно влијание на концептите на демократија и суверенитет во Република Македонија, и истиот тој најавуваше целосна потреба од реформи за конечно признавање на правата на албанкиот народ кој што живее во Македонија

Со други зборови, веднаш после процесот на независнот во Република Македонија настанаа голем број на политички настани каде што политичарите кои во тој временски период беа на власт имаа можност да донесат одлука во однос на тоа во кој правец ќе се движи политиката во Македонија пред 2001 година. Во оваа група се вбројуваат голем број на настани, а најзначајно место помеѓу сите нив заземаат:

- изборите на институциите
- процесот на усвојување на новиот Устав во 1991 година
- промена на изборните закони
- воспоставување дипломатски односи со соседните држави и меѓународните организации
- надворешната политика
- реформите во приватизацијата, етничките малцинства и економската реконструкција
- реформите кои настанаа во јавниот сектор

Во независна Република Македонија повеќе од очигледен беше недостигот од заеднички политички идентитет на различните групи. Како последица, политичката мобилизација што следуваше, беше организирана ексклузивно врз етничката припадност,

а „кога разновидноста води кон етнификација на политиката, државата како таква е спорна (Topperwein, 2001:187).

Прогласувањето на независноста на Република Македонија во 1991 година претставува еден од клучните настани за македонската историја и политика. Ако се навраќаме наназад пред 1991 година, може да се констатира дека македонската државност беше целосно ограничена во Југословенската Федерација, бидејќи самата таа беше само една од шесте федерални единици, и истата не поседуваше вистинскиа целосна независност и суверенитет. Како резултат на ова, процесот на основањето на суверената македонска држава се дефинираше како еден историски настан кој што беше проследен со еден голем ентузијазам. Сето ова се потврдува преку референдумот за независност од 1991 година каде 95% од оние кои гласаа, целосно ја поддржаа независноста на Македонија. Меѓутоа од страна на етничкото албанско население кое живее во Македонија, овој референдум беше целосно бојкотиран, бидејќи референдумот покрена некои битни прашања меѓу различните етнички групи во однос на процесот на легитимност на веќе новооформената држава. Во тој временски период, албанците во Македонија беа засегнати од самиот статус кој што тие би го имале во оваа штотуку формирана нова држава, во однос на тоа дали тие како албанска заедница ќе бидат третирани како малцинство , за разлика на статусот на националност кој го имаа со децении како дел на СФРЈ.

Неуспехот при основањето на државата да се вклучат сите етнички групи претставуваше и сеуште претставува една пропуштена прилика за основање на еден т.н. почетен консензус помеѓу македонското и албанското население од Македонија. Меѓутоа ваквиот консензус во тој временски период не беше важен за самата политичката елита која беше актуелна во тој временски период. За оваа сегашна анализа посебна важност имаат следниве два аспекта од состојбата на новата македонска држава:

- ентузијазмот на народот кој се изгради во една силна поддршка за создавањето на држава и реформите
- недостиг од историја на државност, кој целосно беше сведен на мало институционално наследство

Ако се исклучи војската, се доаѓа до констатацијата дека во тој временски период на безбедносниот сектор во Македонија не му беше посветено доволно внимание, бидејќи истиот тој беше третиран како еден остатокот од јавната администрација, при што по повлекувањето на Народната Армија на Југославија од територијата на Македонија, нашата земја немаше армија. Како резултат на сето ова, постапката за создавање на армија во тој временски период претставуваше највисок приоритет, како и важен елемент за основање на полн суверенитет и целосна контрола над територијата на Македонија. Подоцна се создава и Армијата на Македонија, а во меѓу време тогашниот претседател на Република Македонија претседателот Киро Глигоров, беше тој кој што ги покани трупите на ОН да спроведуваат целосна патрола по новите граници заедно со АРМ, при што овие трупи на македонска територија се задржуваат се до 1999 година.

### 4.2. Најголемиот безбедносен ризик во Македонија од 1991 до 2001

Најголемиот безбедносен ризик во внатрешната политичка арена, се однесува на меѓуетничките односи како и на рамнотежата воспоставена помеѓу двете етнички групи,односно македонците и албанците кои што живеат во Македонија.

По осамостојувањето „темелите на новата држава не беа целосно поддржани од македонските Албанци“ (Daskalovski, 2006:55).

Односите помеѓу овие две етнички групи започнуваат да се влошуваат со еден голем интензитет во текот на првата деценија, веднаш по процесот на независноста, при

што од 1992 година па наваму, и покрај самото учеството на политичките партии од албанскиот блок во коалиционите влади, голем дел од албанските барања од страна на тогашните влади никако не се земаат во предвид. Во оваа група посебна важност имаат следниве барања од страна на албанскиот народ:

- зголемена присутност на албанците во јавната администрација,
- официјална употреба на албанскиот јазик,
- создавање на високо образование на албански јазик,
- уставни промени со помош на кои што албанците во Македонија ќе бидат целосно признаени како „основачки народ“ или пак „составен народ“ на македонската држава

Во тој временски период битен показател за постоечките тензии помеѓу двете етнички заедници, претставуваше големиот број на насилни инциденти за време на деведесеттите години. Еден од таквите инциденти настана во 1995 година, каде што полицијата на Република Македонија по пат на примена на насилство беше таа која што ја прекина прославата во однос на  основањето на Тетовскиот Универзитет со седиштe во Мала Речица, како и настанот кој се случи во 1997 година каде што полициските единици на Македонија целосно се судрија со демонстрантските маси кои се наоѓаа на плоштадите во Гостивар и Тетово, откако албанските знамиња кои беа истакнати пред општините беа отстранети со асистенција на полицијата. Овие два настани како и голем број на други останати поситни инциденти, ги потенцираа слабите меѓуетнички односи, како и самиот факт дека органите на државната безбедност се карактеризираат со тоа што самите тие во тој временски период, не поседуваа доволен капацитет со помош на кој ќе беше реализиран процес на  справување со сите специфични безбедносни ситуации и ќе воспоставеше процес на превентивно делување.

Примерот на Македонија кој најчесто беше аналитички експлоатиран се однесува на превенцијата на проширувањето на директното, вооружено насилство од конфликтитево поранешна Југославија (Босна и Херцеговина, Косово) со примена на превентивно распоредување на мировни сили. (Lund, 2000:210).

### 4.2.1. Други останати безбедносни ризици за Македонија

На самиот почеток за време на конфликтот при преземањето воени операции повторно дојде до колебање во државното раководство, односно се застапуваа два става, едниот за радикални воени акции против предизвикувачите, а другиот кризата да се реши со политички средства - “да ја решат политичарите бидејќи тие ја предизвикаа”(Петковски, 2015:19).

Ако анализираме од една друга, спротивна страна тогаш се доаѓа до самиот заклучок дека во тој временски период за Македонија најголемите безбедносни ризици доаѓаа од нејзините соседни земји бидејќи:

- Грција се бунеше во однос на употребата на името Македонија и го блокираше македонското меѓународно признавање
- Бугарија го проблематизираше самото постоење на македонски јазик и нација
- Меѓународната граница меѓу Македонија и Србија не беше обележана сѐ до 2003 година и сл.

Претходно наведените закани, ако се набљудуваат од еден етнички аспект претставуваат директни закани за идентитетот и заедницата. Во тоа време некои предвидуваа појава на директни воени судири со Грција, Србија/Косово и Бугарија. Ставовите за Македонија во тоа време од страна на соседните земји до огромен степен ја креираа надворешната политика на Македонија, и создадоа една голема неизвесност во

однос на македонските симболи и македонската државност. Денес е целосно решен спорот со Грција, меѓутоа сеуште нерешениот спор со Бугарија претставува ограничување за македонската надворешна политика, како и единствена причина за блокада на влезот на Македонија во Европската Унија.

Во минатото, процесот на несигурност во Македонија создаде недоверба кај соседите, а сето тоа предизивка нарушување на регионалната соработка во време на ембаргото од Србија и ембаргото од Грција, кои на македонската економија и создадоа голем број на штети и последици. Севкупниот резултат и исход од политиката која во тој временски период ја водеа тогашните влади кои се карактеризираа со различни идеолошки убедувања, беше штотуку создадена слаба и млада држава која што од неодамна преминала од комунистичкиот режим кон т.н. “праг на процесот на демократизација”. Меѓутоа и покрај се, Македонија беше земја  со уништена економија, слаби институции, земја поделена на етничка и политичка основа, како и земја на поларизирано општество. Како резултат на ваквите причини во оваа земја се создаде една  претконфликтна социо-безбедносна и политичка состојба.

### 4.3. Општа состојба на етничкиот конфликт помеѓу македонското и албанското население

Етничкиот конфликт кој што настана во 2001 година помеѓу македонските безбедносни сили и борците од етничкото албанско население траеше цели шест месеци, и истиот се карактегоризира како настан кој што пред се, создаде поттикнување на постапката за преиспитување на севкупните идеи на кои беа основани македонската политика и државност во временскиот период на деведесеттите години од минатиот век.

Општиот поим на конфликтот би можел да се опише како „специфично несогласување кое се однесува на определен факт, право или политика, при што барањето или повикот на едната страна е дочекан со одбивање, контрааргумент или негирање од другата страна (Merrils:2005: 1).

Со други зборови, етничкиот конфликт се дефинираше како најголема закана за безбедноста во Македонија почнувајќи од времето на независноста на земјата. Во етничкиот конфликт учествуваа Армијата на Република Македонија, разузнавачките служби, специјалните единици, и новосоздадените паравоени единици од албанска страна.

Со појавата на конфликтот се увиде дека постои недостиг на сигурност и стабилност што произлегува од самата етничка рамнотежа, а исто така беше воочено дека е потребна и поголема интервенција како и нови уставни реформи. Со самиот неуверлив конфликтен крај и потребата од појава на надворешно посредување се дојде до еден конкретен заклучок дека македонските безбедносни сили, се тие кои што во овој случај не поседуваат комплетен-доволен капацитет за борба и за мирно разрешување на конфликтот, па како резултат на сето тоа, на 13 Август 2001 година беше потпишан Охридскиот рамковен договор со посредство на САД и ЕУ, а истиот беше потпишан од лидерите на најголеми политички партии во Македонија. Претходно наведениот договор, беше целосно наменет за комплетно спроведување на сите поважни реформи во јавниот сектор како што се:

- децентрализацијата
- употребата на јазикот
- образованието
- безбедносниот сектор

Македонија беше опасно блиску да му се придружи на останатиот Балкан со сопствена граѓанска војна, па затоа беше чест да се има некаква улога во нејзиното спречување. Некои од луѓето кои одиграа пресудна улога честопати се споменуваат во натамошниот текст, но сите што имаа удел во тимовите на НАТО пред операцијата Неопходна жетва заслужуваат големи признанија (Лејти, 2009:3).

Голема грешка е ако македонскиот народ не се помири со албанскиот, бидејќи тие треба заеднички да продолжат да живеат во оваа држава и рамноправно да ги користат сите права, бидејќи ако повторно помеѓу овие две етнички заедници кои живеат во Македонија се изгради еден ѕид на омраза, тогаш во таков случај државата ќе се движи кон колапс. Денеска целта е да не се враќаме наназад туку да ги искористиме научените лекции во иднина кон градење на рамноправна држава. Денеска не треба да се гледа на македонски или пак на албански патриотизам, бидејќи во денешни услови на општествено живеење најголем патриотизам е да се преземаат конкретни мерки, чекори и политики со помош на кои би се спречила појавата на конфликти. Со други зборови, патриот е оној граѓанин кој што креира процес на соживот помеѓу двете заедници по пат на заедничка работа и меѓусебно подавање на рака.

### 4.4. Што се случи во 2001 година и дали имаше потреба од појава на конфликт

Настаните набрзо доведоа до криза која ги стави на проба односите помеѓу македонските и албанските политички партии до точка на вриење. Во средината на јуни 2001година една група борци на ОНА ја презеде контролата врз претежно албанското село Арачиново, на само неколку километри од Скопје и од скопскиот аеродром. Дотогаш кризата главно беше далеку од престолнината на Република Македонија. Впрочем, Скопје во јуни беше безгрижно место. Наеднаш сето тоа се смени, бидејќи голем дел од градот

сега веќе беше во дострелот на минофрлачите што се наоѓаа во селото што го држеше ОНА (Лејти, 2009:26).

И покрај се што се случи, во денешни услови кај голем дел од македонското население се наметнуваат повеќе прашања во однос на појавениот етнички конфликт, како што се:

- Што се случи во 2001 година?
- Дали требаше да се случи и појави конфликтот?
- Дали имаше некои најави и потреба од појава на конфликт?
- Дали тогаш постоеа ндикации дека Република Македонија како држава може многу лесно да навлезе во безбедносна и политичка криза?

Врз основа на овие прашања, македонскиот и албанскиот народ кој живее во Македонија (претставен преку научната, политичката и интелектуалната елита) конечно треба да даде одговор и на прашањето за митологизацијата и демитологизацијата на конфликтот. Во однос на прашањата за тоа кои беа видувањата за состојбата во Македонија пред 2001 година, односно дали нашата земја претставуваше една стабилна држава, или дали на оваа држава и претстоеше опасност да дојде до конкретна појава на меѓуетнички судир. Битно е да се нагласи дека тогаш постоеа две дијаментрално спротивни видувања и размислувања. Едното размислување се темелеше на самиот факт што големиот број на тогашни политичари, Македонија ја дефинираа и ја претставуваа како една оаза на мирот. И она што е најважно, голем дел од државјаните на оваа земја, сметаа дека македонците и албанците немаат некои нерасчистени односи како што имаат етничките заедници кои што живеат во другите бивши Југословенски Републики, каде што избија крвави конфликти.

Меѓутоа со текот на времето, таквата т.н. оаза на мирот беше целосно заменета со синтагмата за комплетно меѓуетнички релаксирани односи, по коалицирањето на политички партии кои беа десно ориентирани. Токму во овој временски период беа

спроведени првите т.н. посериозни пробиви во системот на институциите, а како најголема придобивка претставуваше отворањето на Универзитетот на Југоисточна Европа. Како резултат на овие привидно олеснети околности за албанското население, потоа беше потпишан договор за стабилизација и асоцијација, но тоа не значеше дека Република Македонија е стабилна земја и дека нема никакви шанси во годините што следат да се соочи со конфликт. Меѓутоа реалноста беше нешто сосема друго, бидејќи од почетокот на осамостојувањето па се до тогаш, Република Македонија не спроведе некои конкретни базични договори меѓу заедниците. Со други поконкретни зборови, претходно наведеното опфаќа повеќе факти како што се:

- Не беше спроведен базичен договор помеѓу етничките заедници за референдум за независноста, па како резултат на ваквите околности албанското население кое живее во Македонија главно го бојкотира
- Не беше постигнат конкретен договор за т.н. процес на внатрешното уредување на државата, и Уставот на РМ, па како резултат на сето ова, Албанците не гласаа за Уставот

Другото видување за појава на конфликтот, кое е целосно спротивно на сето она потенцирано претходно, е претставено од сите оние кои целосно изразуваа скептицизам во однос на стабилноста на земјава. Сето ова се базираше на настаните кои се случија на Битпазар, во Тетово и Гостивар. Ваквите околности и случувања укажуваа на нискиот степен на партиципација на албанското население во државните институции на Република Македонија. И покрај сето ова дополнително се поставуваше прашањето:дали има индиции за појава на конфликт? Кај некои граѓани преовладуваше мислењето дека нема никакви индиции, бидејќи меѓународниот фактор ја поддржуваше независна Република Македонија, и дека тогаш за првпат во историјата на нашата земја беше спроведен еден прогрес во клучните министерства (ДБК и Министерството за внатрешни работи). Тогашната албанска опозициска партија ПДП неколку пати настојуваше со помош на

повеќе конкретни чекори да ја делегитимира тогашната Влада преку протестите кои се појавија во Скопје и во Тетово, меѓутоа истите и покрај големите направени напори, беа неуспешни бидејќи тогашниот политички лидер на албанците Арбен Џафери кој учествуваше во тогашната Влада имаше мошне висок рејтинг од 12%, а сето ова подразбираше дека партиципацијата на албанците во Владата на Република Македонија има висок легитимитет кој што целосно ја отфрла можноста за појава на неконтролиран настан. Меѓутоа другите граѓани кои што имаа спротивно мислење за појава на конфликтот во однос на другите, сметаа дека појавата на конфликт е можна бидејќи албанците во голем дел беа изневерени од албанската политичка партија ДПА која тогаш беше на власт, затоа што самата таа оној историски договор кој пред почетокот на изборите постојано го промовираше пред албанското население, го замени со едно стратегиско партнерство, веднаш после нејзиното влегување во тогашната власт.

Работите излегуваа од контрола како што одминуваа годините, па така на локалните избори во 2000 година среде бел ден беше убиен млад човек на избирачко место во скопското село Кондово. Токму на тие избори, имаше низок степен на излезеност од страна на албанците што потенцираше дека голем дел од албанското население не ја поддржува политиката на процесот на т.н. институционално решавање на севкупните појавени проблеми.

### 4.5. Улогата и влијанието на меѓународниот фактор

“Според Марк Лејти, Меѓународната заедница во целина е вклучена во исклучително успешно партнерство со луѓето од Македонија. Тоа беше борба помеѓу оние кои сакаат апсолутна победа и оние кои сакаат компромис; оние кои беа реалистични и оние кои сметаат дека можат да добијат сè; оние кои ги научија лекциите од другите конфликти во Југославија и оние кои не ги научија. Секогаш кога гледаме што се случува сега, може да

прашаме: Ќе беше ли подобро ако имавме граѓанска војна? Бидејќи тоа беше алтернативата. Одговорот е дека лудо е да мислиме оти ќе бевме во подобра ситуација доколку имаше граѓанска војна (https://fosm.mk/CMS/Files/Documents/fioom-kniga-istorija-i-apokrifi-demitologizacija.pdf , Пристапено на: 10.11.2020).

И покрај сите околности и настани кои што се случија за време на етничкиот конфликт во 2001 година, битно е да се потенцира дека меѓународниот фактор во однос на решавањето на истите имаше голема улога, па како резултат на сето тоа во денешни услови сеуште се наметнуваат повеќе прашања како што се:

- Која беше улогата на меѓународниот фактор?
- Што беше со меѓународниот фактор?
- Која беше гаранцијата која што доаѓаше од страна на меѓународниот фактор?

Според Фрчковски: “Меѓународниот фактор во мошне репрезентативна улога и состав определуваше што ќе бара едната страна, каде ќе попушта другата страна, и кои стандарди. Кај Македонците јасен беше ставот, вредноста на унитарноста на државата и малцинските права, но без врзување за територија. Значи одвојување на добивањето етнички, па и колективни права, но без територии, она искуство кое се покажа кобно во Босна и во Косово, подоцна беше имплементирано и во Охридскиот договор. Права без територии, унитарноста на државата се задржува и сенагласува – но притисокот се пресели врз правата на јазик, гаранции за Бадинтеровото мнозинство за дефанзивни гаранции за правата, и нормално еден систем на регрутација во државната администрација, што е исто така фер, бидејќи население кое е легитимно во државата има право да партиципира”.

Иако Ослободителната народна армија (ОНА) во почетната фаза на конфликтот се произнесе со ставови за сецесионистичко уредување, сепак набргу беше пригушена.

Конфликтот, главно, беше насочен кон правата на Албанците во Македонија, а не кон прекројување на граници (Belamy, 2002:132-133).

И во однос на овие претходно наведени прашања, сеуште до денес во Македонија постојат две целокупно различни мислења. Постои мислењето дека САД како меѓународен фактор стои зад независноста на Република Македонија, што е реален факт. Во тој временски период пред2001 година постоеше и мислење дека Албанците после војната за Косово немаат уште еден кредибилитет да направат уште една војна која може да се случи во регионот, како и дека САД мошне добро ги контролира албанските политички лидери во Македонија.

И покрај се, меѓународната заедница сеуште стои на ставот дека со нападот во Арачиново, кај нив се зголеми степенот на свесност дека во Македонија тогаш започнува процес кој опфаќа продлабочување на веќе настанатата криза, која не се управуваше добро и правилно. Затоа уште повеќе ќе се запали фитилот кој што веќе постоеше помеѓу Македонците и Албанците во Македонија

Во тој период според меѓународната заедница ако тогашната коалција беше растурена, тогаш во такви околности, веднаш после тоа можеше да настани граѓанска војна во Република Македонија. Меѓународната заедница сеуште стои на ставот дека голем дел од новинарите од Македонија во тој период целосно погрешно ја претставуваа и презентираа тогашната настаната состојба во однос на нападот во Арачиново.

### 4.6. Третирање и категоризирање на конфликтот од меѓународен аспект

Во однос на категоризирање на конфликтот, за тоа постојат различни ставови и мислења, бидејќи според едни тоа беше само конфликт, додека според мислењата на други, во тој временски период во 2001 година настана војна.

„Војната претставува вооружен судир меѓу две или повеќе држави, или меѓу држави и меѓународната организација-принудната акција на Обединетите нации за зачувување или обезбедување на мирот и безбедноста во светот (Фрчковски , Тупурковски , Ортаковски , 1955:3 24).

Врз основа на ова претходно дефинирање, се доаѓа до заклучокот дека тогашниот конфликт не треба да се дефинира како војна, бидејќи истиот претставуваше само еден етнички конфликт каде што постоеја две спротивставени страни, македонската и албанската етничка заедница кои живеат во Македонија. Меѓутоа со ваквото категоризирање на тогашниот конфликт, не се сложува дел од македонските аналитичари и интелектуалциспоред кои во тој временскиот период, односно дека во таа 2001 година Република Македонија беше соочена со војна.

За да биде сосема јасно, едната страна во судирот ја чинат безбедносните сили (војската и полицијата) на државата Република Македонија, а другата страна ја чинат организирани вооружени групи на албанските екстремисти инфилтрирани од Косово кои остваруваат спрега со свои истомисленици од албанското население во Република Македонија, обединети и преставувани како членови на т.н ОНА (ослободителна национална армија), „организација чие раководство е во Косово а има кампови за обука и во Албанија (Ортаковски , 2001, 2002: 9).

Според мислењето и врз основа на заклучоците на сите чинители и претставници од двете најголеми етнички заедници кои живеат во Македонија, а воедно и според мислењето на други надворешни аналитичари, конфликтот во 2001 година во Република Македонија беше решен со посредство на Меѓународната заедница која во тој временски период се јавуваа во улога на конкретен посредник помеѓу двете конфликтни страни кои беа дел од самиот тој конфликт.

Посредниците на себе ја зеле улогата да се соочуваат со секоја преговарачка страна одделно, презентирајќи им ги сопствените, но и меѓусебните предлози и ставови на спротивставените страни. Ваквата улога на третата страна значела еден креативен и суштински активен однос и став кон целиот процес на преговори и креирање решенија, со што тие во најголема мера „го предопределиле поголемиот дел од решенијата на Охридскиот Рамковен Договор (Поповски, 2007:271).

Ако се направи една конкретна анализа на конфликтот во однос на неговата појава, неговиот завршеток и неговите резултати, се доаѓа до констатацијата дека истиот гледано од еден меѓународен правен аспект се третира како ниско-интензивен конфликт. . Според Љубомир Фрчкоски "во тој период во основа имаше едно средиште на незадоволство со позицијата на Албанците во политичкиот систем во Македонија. Клучниот момент се случи поради интервенција на меѓународниот фактор, посебно на Американците, и тоа на страната на ОНА. Тие извршија клучен притисок за трансформирање на нивната агенда од борба за територии и елементи на расизам, во агенда за права. Таа трансформација ја овозможи „преговорливоста" всушност, преговарачката позиција на Албанците и потоа притисокот се пресели кај нас, кон македонската држава. Тоа е важен елемент кој ја определува клучната позиција на странскиот фактор во конфликтот и во преговорите и во Охридскиот договор, потоа посебно на Американците. Ова е многу значајна точка без која не може да се разгледува ниту конфликтот, ниту неговиот расплет, ниту Охридскиот договор (https://fosm.mk/CMS/Files/Documents/fioom-kniga-istorija-i-apokrifi-demitologizacija.pdf, Пристапено на: 09.11.2020)

Како што е напоменато во сето ова претходно, Меѓународната заедница и САД ја одиграа клучната посредничка улога, и придонесоа за конечен завршеток на конфликтот, се со цел самиот тој да не ескалира и да не премине кон војна.

Во салите за состаноци, тимовите на НАТО и на ЕУ трчаа од соба во соба во обид да ги убедат албанските и македонските партии да утврдат датум за разговори околу една сеопфатна политичка спогодба (Лејти, 2009:42).

Во денешни услови некои од прашањата сеуште не се решени, а такво едно прашање е прашањето за учесниците во конфликтот (бившите учесници во ОНА,) како и за нивните семејства, кои настрадале во конфликтот во 2001 година, чиј што статус и до ден денеска останува нерешен, наспроти бранителите од македонска страна кои го имаат разрешено статусот со одредени бенефиции. Овие албански борци , за најголемиот дел на албанското население претставуваат борци за права и слободи, па врз основа на ова, сметам дека за нив треба отворено да се зборува. За повеќето од албанското население кое живее во Македонија, тие се бранители, херои, ослободители, а воедно и битни носители на самата агенда која е насочена кон нивно подобро политичко и правно третирање во оваа држава во која сите заедно живееме.

Конфликтот во 2001 година како еден конфликтен настан кој се случи во тој временски период, нормално е да биде набљудуван и објаснуван од повеќе гледни точки, вклучувајќи ги тука двете спротивставени страни. Меѓутоа ваквите точки на гледање треба да опфатат:

- еден процес на оценување и детална анализа без никакви предрасуди
- позицијата и политичкиот статус на албанците во поранешната Југославија и во нашата земја пред 2001 година

Врз основа на големиот број на достапни информации и податоци може да се констатира дека за албанците веднаш по ослободувањето на народите кои живеат на Балканот од османлиите во 1912 година, започнуваат голем број на трагедии, бидејќи албанскиот народ во тој временски период беше тој кој што беше организиран во борба против турското царство. Државната репресија и државното насилство за албанскиот

народ сеуште трае се до временскиот период на деведесеттите, и по деведесеттите години. Сите знаеме дека албанскиот народ преживеа голем број на трагедии како што се насилства, масакри, етнички чистења и слично. Ваквите немили настани беа присутни и пред, и по балканските војни. Во периодот по Втората светска војна албанскиот народ во антифашистичкиот фронт беше поделен во неколку републики, без нивна сопствена волја, при што тогаш во таа федерација наметнат им беше еден статус како граѓани од втор ред. Со создавањето на тогашната СФРЈугославија каде што на чело беше Тито, кон албанскиот народ продолжија големиот број на насилства, при што во временскиот период од 1955 до 1956 година, албанците беа тие кои што со сила беа отстранети од сопствените огништа. Во 1968 година од страна на албанскиот народ започнува процес на демонстрации каде што се бараше целосно подобрување на албанскиот статус во Социјалистичка Република Македонија. Меѓутоа статусот на Албанците постепено се подобрува дури во 1974 година кога се донесува Уставот од 1974 година во Социјалистичка Република Македонија и СФРЈугославија.

Според Рафис Аљити,со овој Устав Албанците добија статус на државотворен народ во Социјалистичка Република Македонија и албанскиот јазик и националното знаме беа официјализирани по настаните од 1981 година. Во 1989 година беа направени измени на Уставот на ова место. Тоа беше кулминацијата на аброгирањето и прекршувањето на правата на Албанците што ги добија со Уставот од 1974 година. Државната репресија беше доста остра кон Албанците. И во Социјалистичка Република Македонија се случуваше истото. Тогашната Социјалистичка Република Македонија беше трансформирана во една политичка лабораторија на политичарите од Србија, на чело со Слободан Милошевиќ. Албанците беа следени и не беа оставани на мира во сите пори од животот, поаѓајќи од креветот што го делеа со нивните сопруги, па сè дури до правата за обезбедување на семејната егзистенција (https://fosm.mk/CMS/Files/Documents/fioom-kniga-istorija-i-apokrifi-demitologizacija.pdf , Пристапено на: 09.12.2020).

“Според Рафис Аљити - логиката што беше наметната тогаш е дека, според мислењето на институциите беше најпрвин да се започне со тоа оние што зеле оружје во раце да бидат истерани од Република Македонија, а потоа да се седне и да се разговара со претставниците на Албанците. Ова беше едно мислење, што беше наметнато во Република Македонија, и според мене беше погрешно мислење. На почетокот не се искористи да се прекине крвопролевањето. И нам ни беше јасно дека нема да имаме сериозни разговори и преговори со некои фактори во тогашната власт. На сите ни беше јасно, дека нешто ќе се случи. И дека борбите ќе бидат уште пожестоки отколку што се во тој момент. Добив директива и се упатив кон Радуша. По борбите што се случија, кога институциите на Република Македонија имаа на располагање многу и лесно и тешко вооружување, добив наредба од Генералштабот на ОНА борбите да престанат, заради тоа што треба да биде потпишан еден документ кој ги гарантира колективните права на Албанците во Република Македонија (https://fosm.mk/CMS/Files/Documents/fioom-kniga-istorija-i-apokrifi demitologizacija.pdf , Пристапено на: 09.12.2020).

После тоа борците за албанските права веднаш престануваат со борба, очекувајќи да биде потпишан документ - договор кој ги гарантира правата на Албанците во Република Македонија.

Рамковниот Договор во голема мерка беше јасен во врска со степенот на институционализација на етничката припадност, што беше случај и во некои други мировни договори од поранешна Југославија, а најзабележително во Дејтонскиот мировен договор (Bieber, 2004:229-46).

Ако се погледне наназад, НАТО со право ги смета своите напори во Македонија за редок пример на успешна превентивна дипломатија. Спречи еден бунт да прерасне во целосна граѓанска војна. Како се избегна војна е приказна не само за институции како НАТО и ЕУ кои се служат со својата моќ, авторитет и со вообичаената дипломатија, туку

и за поединците кои на терен работат со досетливост, импровизација, а понекогаш и со смелост за да ги преточат желбите на своите организации во практично дејство (Лејти, 2009:6).

Охридскиот договор е несекојдневен обид да се комбинира граѓанскиот пристап и еднаквите права за сите граѓани, со елементи на консензуална демократија (Daftary, 2001:291-312).

Меѓутоа, повторно овдека треба да се навратиме на почетоците на создавањето на независноста на Република Македонија, бидејќи тоа беше темелот на создавање на конфликтот.

Според Г'зим Острени,во 1991 година, македонските власти при подготвувањето на Уставот за независност направија централизација на власта на државно ниво, опфаќајќи ги притоа и надлежностите на општините. Користејќи го надгласувањето на албанците во Собранието се донесебуџетот кој во никој случај на албанците не им се возвраќаше на правилен начин. Се изврши и измена на територијалната организација и тоа од 34 на 124 општини, а тоа го намалуваше бројот на албанските пратеници во парламентот. Имаше случај кога пратеник Албанец се гласаше од 15 илјади гласови, додека еден Македонец се избираше и со 2.000 гласови. Со Уставот од 1991 година Македонија се конституира како национална држава на македонскиот народ, лишувајќи ги албанците од државата и негирајќи им го историскиот континуитет на дејствување за создавање на државата. Се направи централизација на локалната власт со поткастрени компетенции во јавните услуги, во урбанистичкото и руралното планирање, во заштитувањето на животната средина, локалниот економски развој, културата, локалните финансии, образованието, социјалната и здравствената заштита. Полициските шефови се именуваа директно од МВР (https://fosm.mk/CMS/Files/Documents/fioom-kniga-istorija-i-apokrifi-demitologizacija.pdf , Пристапено на: 02.11.2020).

Почетните корени на конфликтот треба да се бараат од почетниот момент на создавањето на Република Македонија во составот на Југославија. Веднаш по завршетокот на Првата светска војна, Албанците беа тие кои што беа поделени на два дела, при што едниот дел во независна Албанија, додека пак другиот останат дел беше, односно се наоѓаше во Југословенското Кралство, и покрај тоа што како и сите останати народи - така и албанскиот народ сонуваа за заедничка татковина. Во тој период, и македонскиот народ се наоѓаше во таква положба бидејќи тогаш самиот тој беше поделен и не беше признат како посебен народ, при што во тоа време и македонскиот и албанскиот народ се наоѓаа во една неповолна положба. Овие два народа можеа заеднички да соработуваат за нивната слобода во оваа Македонија, меѓутоа како што историски започнуваа да се одвиваа настаните, се формира заклучокот дека токму овие два народи наместо заеднички да дејствуваа за една подобра заедничка иднина, самите тие со текот на времето ќе создадат една отежната соработка која ќе постои помеѓу самите тие.

Со други зборови, во времето на Кралството на Југославија, македонскиот и албанскиот народ речиси беа во една слична положба, која постепено и драстично се промени во временскиот период на Федеративната Југославија, веднаш после Втората Светска војна.

## 5.АНАЛИЗА НА СТАВОВИТЕ И МИСЛЕЊАТА НА МАКЕДОНСКАТА И АЛБАНСКАТА ЕТНИЧКА ЗАЕДНИЦА ВО ОДНОС НА РАЗРЕШУВАЊЕ НА КОНФЛИКТОТ ОД 2001 ГОДИНА

Како што беше напоменато и потенцирано на почетокот на овој магистерски труд, постојат различни мислења во однос на конфликтот од 2001 година кој тогаш настана во Република Македонија. Ваквите различни мислења доаѓаат од спротиставените ставови на македонската и албанската етничка заедница кои што тогаш во тоа време претставуваат главните конфликтни страни во постоечкиот конфликт.

Меѓутоа се со цел, овој магистерски труд да добие на дополнителна тежина во однос на анализа на настанатата ситуација, во прилог ќе бидат анализирани:

- Ставовите и мислењата на македонската етничка заедница во однос на разрешувањето на конфликтот од 2001 година
- Ставовите и мислењата на албанската етничка заедница во однос на разрешувањето на конфликтот од 2001 година

Целта на ваквата анализа е на конкретен, прецизен и веродостоен начин да се добијат конкретни податоци од овие две етнички заедници во однос на конфликтот од 2001 година и процесот на неговото разрешување, по пат на нивни одговори и размислувања кои што ќе се добијат од спроведеното интервју кое беше извршено врз македонските и албанските граѓани во Република Македонија во месеците Октомври, Ноември и Декември 2020 година.

За да биде направена една правилна селекција на нивните одговори, за почеток ќе бидат анализирани ставовите и мислењата добиени од спроведеното интервју врз граѓани од македонската етничка припадност, а веднаш потоа и од албанската етничка припадност. Целта на ваквата селекција е доколку постојат различни ставови во однос на

темата која е предмет на интервју, самите тие јасно да се прецизираат, утврдат и анализираат поединечно по основ на етничка група, се со цел за да веднаш после тоа се направи една конкретна детална споредба - анализа, на нивните спротиставени мислења и ставови.Како резултат на нивните интерпретирани ставови и мислења во однос на темата која што беше предмет на интервју, ќе се дојде до прифаќање или отфрлање на поставената хипотеза, и помошните хипотези на овој Магистерски труд, бидејќи најголемиот дел од прашањата произлегуваат од концептот на поставената главна хипотеза, како и од концептот, основата и суштината на поставените дополнителни хипотези на овој труд. Интервјуто како метод е применет во ова истражување, бидејќи овој метод е најпопуларен и најчесто употребуван метод при селекција на човечките ресурси, меѓутоа поради пандемијата на Covid 19 со која светот се соочува, во овој случај беше спроведено “Online интервју” се со цел, од здравствени и безбедности причини да се заштити како здравјето на лицето што интервјуира, така и здравјето на сите интервјуирани лица кои беа вклучени во овој процес.

Во ова интервју - како што напоменав претходно, опфатени се повеќе личности од македонската и албанската етничка заедница, кои што ќе треба да дадат конкретни-прецизни одговори, како и нивни ставови и мислења на поставените прашања во текот на самото интервју во однос на темата која што е предмет на изработка на овој Магистерски труд: “Разрешувањето на конфликтот од 2001 година од страна на македонската и албанската етничка заедница”.

Бидејќи станува збор за чувствителна тема и за двете претходно наведени етнички заедници кои живеат во Македонија, врз основа на политиката за приватност и заштита на дадени податоци, во прилог следуваат ставовите и мислењата на интервјуираните лица во однос на поставените прашања, меѓутоа почитувајќи ја нивната приватност во самиот текст нема да биде објавен нивниот идентитет.

### 5.1. Анализа на ставовите и мислењата на македонската етничка заедница во однос на конфликтот од 2001 година и на процесот на неговото разрешување

Голем дел од Македонците сметаат дека за прв пат тогаш Република Македонија се најде во таква ситуација каде што како сосед граничеше со територија која беше под целосна цивилна администрација на Обединетите нации, па според македонците - во тоа време се отворија голем број на дилеми во услови на пренасочувањето на кризата од Косово во Република Македонија. И до ден денес, кај поголемиот дел од македонското население постои размислувањето дека конфликтот започна со терористички активности на ОНА на територијата на Република Македонија, која што преку конкретни чекори успеа да мобилизира дел од албанско население кое самата таа го стави во функција на сопствените зацртани цели.

Во прилог на овој дел следуваат ставовите и мислењата на испитаниците од македонската етничка заедница, меѓутоа како што беше напоменато претходно, нивниот личен идентитет нема да биде објавен, бидејќи станува збор за специфична тема, тема која е дел од минатото, и тема која што кај дел од нив создава дополнителни рани.

Како резултат на тоа, за почеток во прилог следуваат добиените резултати и одговори, токму од лицето од македонската етничка заедница кое го интервјуирав од улога на **поранешен македонски пратеник** и моментален универзитетски професор. Според него, самиот тој смета дека причините за појавата на конфликтот од 2001 година влечат корени уште од распадот на СФР Југославија и добивањето на независност на Република Македонија, бидејќи распадот на Југославија имаше свое влијание и врз конфликтот во 2001 година. Истовремено, секако, според него градењето на новиот уставно - правен и политички поредок, откако Република Македонија ја стекна својата независност, имаше свој придонес, при што како што се изјаснува самиот тој, сепак овие проблеми поврзани

со унапредувањето на меѓуетничките односи немаа таков тежок карактер за да се случи толку голема вооружена екплозија во 2001година. Во однос на прашањето дали смета дека во периодот од 2000 до 2001 година Република Македонија беше држава која што лесно можеше да навлезе во уште подлабока политичка и безбедносна криза од таа која што настана во тој временски период, интервјуираното лице изјавува дека “конфликтот сам по себе значи отстуство на демократија. Тоа, пак, значи отсуство на правила според кои се одвиваат односите во државата. Кога нема правила, може да настане анархија. Оттаму и заклучокот дека опциите за земјата во 2001 година, во отсуство на договор поддржан од меѓународната заедница беа прилично широки и непредвидливи”.

Што се однесува до прашањето дали албанското население кое живее во Македонија со донесениот Устав на Република Македонија од 1991 година ги изгуби своите права кои ги уживаше со Уставот на Социјалистичка Република Македонија од 1974 година, ова интервјуирано лице изјавува дека на почетокот од независноста на државата во 1991 година, дел од колективните права не беа предвидени. Сепак, сосема јасна беше тенденцијата во државата за корегирање на таквите проблеми за кои во тоа време говореа политичките претставници на етничките албанци. Истовремено според него, и политичката волја на сите клучни политички партии во целата држава беше прилично позитивна и кристално јасна во однос на тоа прашање и таа говореше за потреба од унапредување на одредени состојби. Најдобар пример во оваа смисла е поврзан со правото на високо образование, кое иако беше остварено со основањето на Универзитетот на ЈИЕ, сепак сосема кратко време после тој настан избувна конфликтот.

Според овој поранешен пратеник, во 2001година се случи вооружена побуна помогната од надвор на непретставените елементи во институциите на системот на државата, против самата држава, во чие управување заедно со партиите кон кои гравитираат припадниците на македонската етничка заедница рамноправно и со полн

капацитет учествуваа и партиите на етничките Албанци, како и партиите на останатите помали етнички заедници.

Во однос на прашањето дали во 1991 година кога Република Македонија стана независна држава, тоа подразбираше дека внатрешното уредување може да биде онака како што ќе одлучи мнозинската заедница во Македонија, самиот тој дава конкретен одговор врз основа на кој што внатрешното уредување на државата има форма на договор во кој се олицетворени интересите на мнозинството од граѓаните кои, исто така, припаѓаат на различни етнички заедници. Според него,одредени слабости на таквиот договор беа воочувани и корегирани низ годините и за тоа постоеше јасна и недвосмислена волја од страна на сите политичари. Во самиот тек на интервјуто, интервјуираното лице укажа дека како најдобар пример за свесноста дека постојат предизвици и дека постои јасна волја истите да се решават е основањето на Универзитетот на ЈИЕ од страна на Владата на ВМРО-ДПМНЕ и ДПА, при што додаде дека - конфликтот од 2001 година претставуваше вистински разрешувачки завршен чин со помош на кој што тогашниот конфликт се трансформираше во мир, при што ангажманот на САД, но и на ЕУ, беше пресуден за да се постигне договор за кратко време, со што беа избегнати дополнителни ескалации и нови жртви. Со други зборови според него ОРД е договор за мир кој ја врати стабилноста како основа за продолжување на демократскиот развој на државата.

Во однос на прашањето дали можеше да се избегне конфликтот во 2001, самиот тој потенцираше дека позитивните околности во државата, солидното ниво на демократски развој, високото ниво на уважување помеѓу политичките партии, како и солидното ниво на меѓуетничките односи, упатуваат на тоа дека не постоеа толку големи предизвици кои би оправдале макар и најмал вооружен конфликт.

Денеска според размислувањето на ова интервјуирано лице, државата е побезбедна и постабилна. Зачленувањето во НАТО, најавата за почеток на преговорите за членство во Европската унија, како и стратешкото партнерство и одличните односи со САД се најдобар аргумент во таа насока, а сето тоа е резултат на тоа што по две децении од

појавата на конфликтот, денес во Република Македонија постои политика на дијалог и едно заемно почитување, наместо екстремистичко насилство и однесување кое постоеше порано. Со други зборови според него,дијалогот и разбирањето помеѓу етничките заедници на овие простори има голем континуитет чии корени се врежани длабоко во историјата, а сето тоа е константа која е силно прифатена денес, а верувам дека ќе продолжи да се развива и во иднина. Врз основа на ова, како што изјавува самиот тој,неопходна е потребата за превентивно дејствување каде што научените лекции од конфликтот треба да бидат повторно соединети со една единствена надеж дека можностите за мирен и конструктивен дијалог во регионот се повеќе од реални, можни и речиси целосно остварливи.

Улогата на Меѓународната заедница претставуваше главен фактор без кој не можеше да се реши појавениот конфликт - истакна ова лице и додаде дека тоа е неспорно и прифатено од страна на сите граѓани во државата. Меѓународната заедница, особено нашите стратешки партнери САД и ЕУ, продолжуваат да бидат најголемиот гарант и поддржувач на стабилноста, безбедноста, демократичноста и развојот на државата, и дека според него, големото мнозинство припадници на македонскиот народ како мнозинска етничка заедница во државата, никогаш не застанало зад некоја политика која се залага за намалување на правата на било која етничка заедница. Историјата на односите на македонскиот народ со останатите етнички заедници претставува голема книга на позитивни настани, хронолошки распослена низ повеќе векови која говори за соживот, за толеранција, за меѓусебно разбирање и поддршка. Конфликтот од 2001година, за жал, беше исклучок од тоа правило - додава ова интервјуирано лице.

На крајот на самото интервју овој поранешен пратеник истакнува дека не мисли дека големото мнозинство од припадниците на албанската етничка заедница смета дека не постои реализација на ОРД. Напротив, според него,секојдневно се соочуваме со мноштво на позитивни примери на практично остварување на еднаквоста на граѓаните независно од нивната етничка припадност. Според него, секако дека предизвици постојат, меѓутоа

сепак, стара вистина е дека менаџирањето на меѓуетничките односи, како обврска на институциите е слично со „возењето на велосипед: никогаш не смее да се застане, затоа што веднаш ќе се падне". Според него, денеска во земјата постои перманентна политичка посветеност за унапредување на вкупните демократски прилики во државата, и дека Македонија и во иднина продолжува да биде подеднакво блиска татковина на Македонците, но и на Албанците, како и на Турците, Србите, Ромите, Власите, Бошњаците и останатите.

Мошне интересни одговори, ставови и мислења исто така даде **второто интервјуирано лице од македонскатата етничка заедница кое беше интервјуирано во улога на поранешен македонски новинар,** и истото мошне драго ја прифати мојата покана за интервјуирање. Според ова лице, целосно очигледно е дека причините за појавата на конфликтот од 2001 година влечат корени уште од распадот на СФР Југославија и добивањето на независност на Република Македонија, бидејќи откако се распадна Југославија во нашата земја уште на самиот почеток од независноста, албанското население кое живее во Македонија имаше речиси минимални права, меѓутоа ова што им се дава денеска според него, ги надминува сите граници (иако како што нагласува самото тоа лице не чувствува никаква омраза кон албанското население од Македонија). Во однос на прашањето дали во периодот од 2000 до 2001 година Република Македонија беше држава која што лесно можеше да навлезе во уште подлабока политичка и безбедносна криза, ова лице кое беше предмет на интервјуирање, смета дека сето тоа е точно, бидејќи доколку не се замешаше меѓународниот фактор можеше да има подлабоки последици и за двата народи, меѓутоа меѓународниот фактор беше тој кој што во тој временски период воспостави една рамнотежа помеѓу македонскатата и албанската етничка заедница. Како што истакнува ова интервјуирано лице, единствено нешто со кое што не може да се помири е "Битката во Арачиново, кога бранителите на албанското население, (за кои не е сигурен дали тоа беа борците на ОНА) со помош на меѓународно посредување безбедно го напуштија селото, откако претходно од македонските безбедносни сили беа опколени во

целосен обрач. Исто така настанот кај месноста Карпалак кај ова лице е длабоко врежан, бидејќи токму таму негов пријател го загубил својот живот, а заедно со него, животот го загубиле уште други девет македонски војници.

Во однос на донесениот Устав од 1991 година, ова интервјуирано лице смета дека албанското население кое живее во Македонија со донесениот Устав ги изгуби своите права кои ги уживаше со Уставот на Социјалистичка Република Македонија од 1974 година, и искрено признава дека тоа на македонскиот народ во тој временски период им одговараше, меѓутоа ако сега гледаме од една друга спротивна денешна страна-каде што се работи на база на заедничко помирување, искрено смета дека нема никаква причина албанското население во Македонија да ги ужива своите права, зашто изјавува дека е вистинско време да почне заеднички соживот зашто војните носат само жртви и загуби.

Врз основа на ова лице, она што и се случи на Република Македонија беше привидна војна, бидејќи една држава нападна друга, а тогаш во 2001 година тоа се случи, бидејќи во конфликтот учествуваа воените сили на Македонија и војската на ОНА која што не беше војска на Република Македонија. Според него,тоа беше војна измислена од политичари, за нивни интереси и придобивки, а како резултат на сето тоа загинаа недолжни граѓани. Некои тоа го дефинираат како конфликт, меѓутоа немаше никаков конфликт. Кога гинат луѓе и од една и од друга страна, и кога ситуацијата секојдневно се влошува тогаш во таков случај тоа е војна која што веќе одамна беше замината од онаа почетна фаза - истакнува ова лице во текот на самото интервју, при што надополнува дека “тогашниот конфликт ескалира во војна, која што јасно укажуваше и потенцираше дека Република Македонија е во процес на војна”.

Што се однесува на периодот веднаш после осамостувањето каде што одлуките ги носеше мнозинството македонски пратеници, и каде што интересите на албанците и нивните права речиси и да не постоеа, ова лице истакнува дека според него во тој временски период “привидно одлуките ги носеа мнозинството македонски пратеници, меѓутоа и уште од тогаш во Македонското собрание имаше пратеници кои што јасно ги

бранеа албанските интереси. Тоа беше демократија која што се спроведуваше. Меѓутоа и покрај се, во тој период одлуките кои што ги носеше тогашниот собраниски состав во однос на правата на албанското население кое живее во Македонија беа во минимална корист на албанското население, меѓутоа овие привилегии кои што му се даваат на албанците во Македонија денес мислам дека се премногу", и додава дека иако на еден индиректен начин и тоа би ги поддржало истите, затоа што смета дека е време во оваа земја по било која цена конечно да започнеме еден соживот, зашто животот поминува, а нашата земја наместо да оди напред (со исклучок на влезот во НАТО) сите овие години наназад стои во место.

Како што се одвиваше понатамошниот тек на интервјуто ова лице нагласува дека Охридскиот рамковен договор беше крајниот завршен чин со кој што беше обележан завршетокот на конфликтот, иако колку што се сеќава имало и такви ситуации каде што веднаш после потпишувањето албанските бранители направија неколку напади во вид на отстапки од договороерното во Охридскиот договор.

Според ова интервјуирано лице, да не беше посредувањето на Меѓународната заедница и посредувањето на САД таа таканаречена војна би преминала во уште поголема каде што ќе се зголемеше бројот на жртви од двете страни. Со улогата на Меѓународната заедница и САД, тоа не се случи.Конфликтниот настан, постепено се се смири, и се потпиша Охридскиот Рамковен Договор, меѓутоа колку македонскиот народ изгуби по однос на тоа прашање тоа е друга приказна – истакна ова лице кое беше предмет на интервјуирање.

Врз основа на неговите ставови и сопствени размилсувања и заклучоци, од една страна конфликтот можеше целосно да биде избегнат доколку политичарите во македонското собрание и влада од двете етнички заедници се договореа меѓусебно, и попуштија определени барања и предлози од двете страни, меѓутоа некои викаат дека освен за права, војната се водеше и за големи бизниси, додека пак некои зборуваат дека војната се водеше и за територии.Според него, ако се направи една компаративна анализа на

тогашната ситуација и оваа ситуација денес, се доаѓа до констатација дека Република Македонија е побезбедна и постабилна, а доказ за тоа е и самото зачленување во НАТО, и можните пристапни преговори со ЕУ, доколку се реши проблемот со Бугарија...

Единственото нешто што привидно ме радува во однос на овие случувања е тоа што денеска постои политика на дијалог во нашата земја, можеби е привидна - а можеби не, меѓутоа гледано во глобала помеѓу македонската и албанската етничка заедница е воспоставен еден меѓусебен дијалог, и работите одат кон подобро, што значи дека во иднина сметам дека нема никаква основа за појава на нов конфликт - истакна интервјуираното лице и додаде дека - “денеска и двете страни кои што учествуваа во конфликтот научија многу работи во однос на конфликтот, при што сметам дека и двете страни научија едно - а тоа е дека, се може да се реши по пат на меѓусебен дијалог и по пат на еден меѓусебен компромис каде што свои отстапки би дале двете страни, се со цел за доброто на земјата и за градење на една заедничка иднина од која корист би имале сите граѓани кои што би живееле во оваа земја. Целта е да се остави мир за идните генерации кои што после нас ќе дојдат да живеат на оваа територија”.

Во однос на правата кои што ги добија албанците според Охридскиот Рамковен Договор, интервјуираното лице нагласува дека со Охридскиот Рамковен Договор на албанското население кое живее во Република Македонија им се дадоа голем број на права - посебно денес со сегашната Влада, меѓутоа и покрај се, ова интервјуирано лице смета дека е подобро вака, и дека веќе еднаш да почниме да одиме напред како вистинска држава по пат на создавање на еден меѓусебен соживот, иако кај македонскиот народ има голем број на рани и лузни кои што кај некои македонци нема ни да заздрават, ниту пак за се залечат... “Како што контактирам со голем број на пријатели од албанската етничка заедница, кај нив сеуште преовладува ставот дека своите барања тие како етничка заедница ги добија само на хартија, а дел се во процес на реализирање, наспроти граѓаните од македонската етничка заедница која што смета дека албанското население од

Македонија доби многу повеќе и од она што требаше” - потенцираше интервјуираното лице.

Според него, денеска во нашата држава се создаваат услови во однос на целосно прифаќање и валоризирање на новите вредности во однос на афирмирање на поголема демократија и поголема рамноправност на сите етнички заедници кои што живеат во Р.Македонија, и дека благодарение на денешната Влада, се движиме кон правиот пат кој оди кон создавање на услови во однос на целосно прифаќање и валоризирање на новите вредности како што се афирмирање на поголема демократија и поголема рамноправност на сите етнички заедници кои што живеат во Р.Македонија - истакна на крајот на интервјуто, кое што преку своите ставови, сопствени заклучоци и размислувања, даде свој придонес за темата која што е предмет на изработка и интервјуирање.

**За да се добие еден целосен преглед на ставовите и размислувањата на граѓаните од македонската етничка заедница во однос на разрешувањето на конфликтот во 2001 година, освен претходните поединечни лица од македонската етничка заедница кои што беа предмет на интервјуирање, од моја страна извршив и групно интервјуирање на лица кои беа учесници во конфликтот.** Нивните одговори се за степен поразлични од претходните две интервјуирани лица, меѓутоа со нивните размислувања и укажувања, ги збогатуваат информациите добиени од македонската етничка група во однос на појавата и разрешувањето а конфликтот.

На ваков начин, главната цел беше да се добијат конкретни одговори и размислувања од група на граѓани кои учествуваа во конфликтот од македонска страна, **и врз истите да извршам групно интервјуирање, кое ќе ми овозможи во истиот тој миг да воочам како тие реагираат на поставените прашања, односно дали исто размислуваат по однос на самите прашања (за разлика од постапката на поединечното интервјуирање).** Како што претходно потенцирав, од моја страна беше извршено едно групно интервјуирање на лица од македонската етничка заедница, при што заради бројот

на интервјуираните лица, ова интервју траеше малку подолго од вообичаените поединечни интервјуа. Почетокот на ова интервју започна со тоа дека според нив “доволно е тоа што го жртвувале својот живот за интересите на македонските и албанските политичари, и дека доволно биле борби и натегање, бидејќи сега е дојдено Евроспко време на меѓусебно живеење, иако според нив и покрај сите напори на соживот, не треба да се заборави периодот од 2001”....

Според овие интервјуирани лица - кои биле дел од конфликтот од 2001 година, имаат речиси исти размислувања во однос на поставените прашања, па според нив главните причини за појавата на конфликтот од 2001 година влечат корени уште од распадот на СФР Југославија и добивањето на независност на Република Македонија. Според нивните одговори и размилсувања, главните причини лежат токму во претходно наведеното, при што наведуваат дека при создавањето на независноста на Република Македонија, на албанците кои живеат во Македонија требаше барем привидно на хартија да им се дадат малку повеќе права, се со цел на таков начин да биде ублажено нивното незадоволство во тогашниот период, меѓутоа исто така истакнуваат дека оние права кои што им се дадоа на албанското население во 2001 година според Охридскиот Рамковен договор се премногу, и според нив таквите права не се целосно оправдани. Врз основа на интервјуто кое беше спроведедно, се формира самата констатација дека овие лица кои беа предмет на интервјуирање и кои беа дел од македонските безбедносни сили во 2001 година во самиот конфликт, цврто се убедени и сеуште стојат на ставот дека Македонија со потпишувањето на Охридскиот рамковен договор им даде голем број на права на албанското население кое живее  во оваа земја, и дека по пат на овој договор оваа земја се претвори кон земја која што опфаќа систем на поделба на власта, при што на ваков начин Република Македонија била таа која што се отворила кон албанската заедница. Со други зборови според нив - консоцијалниот пристап, кој што беше применет во Република Македонија ветува многу повеќе за разлика од оној кој што беше применет во останатите земји во нашиот регион. Врз основа на размислувањето на овие лица кои беа предмет на групно

интервјуирање, Охридскиот рамковен договор во себе опфати повеќе клучни елементи на поделба на власта во Република Македонија, при што со самото негово потпишување, албанците во Македонија ги издигна како заедница со голем број на споредбени права кои се исти како и правата кои ги поседува и македонското мнозинство, при што на ваков начин за заштита на другите етнички заедници кои живеат во Македонија се остави многу малку простор.

Исто така тие потврдуваат дека и во периодот од 2000 до 2001 година Република Македонија беше држава која што лесно можеше да навлезе во уште подлабока политичка и безбедносна криза од таа која што настана во тој временски период. Како што истакнуваат самите тие - до тој времеснки период во секое време се очекувало да биде срушен големиот мит за Република Македонија која беше дефинирана како остров за стабилност, бидејќи постојано растеја етничките тензии помеѓу македонскиот и албанскиот народ во Република Македонија,Исто така се очекуваше тогашниот конфликт да прерасне во вистинска голема војна, доколку не се замешаше меѓународниот фактор во улога на помирувач помеѓу двете конфликтни страни кои беа учесници во самиот тој конфликт. Исто така, самите тие нагласуваат дека како друга причина што се очекуваше конфликтот уште повеќе да се вжешти и да се продлабочи, беше самиот факт дека решавањето на меѓуетничкото прашање никогаш не претставува целосен процес кој што може брзо да биде решен и дека самото тоа е предмет на постојани комуникации.

Во однос на прашањето што се случи во Република Македонија во 2001 година, и дали конфликтот можеше да ескалира (премине) кон почеток на војна, овие лица кои што беа предмет на интервјуирање речиси едногласно го искажаа својот став и мислење по однос на претходно наведеното прашање, при што самите тие нагласија дека во 2001 се случи војна, меѓутоа од еден политички аспект според нив настана конкретна револуција кој се движеше во насока кон промена на општествено - политичкиот систем на Република Македонија. Според нив - Република Македонија со помош на сопствените безбедносни сили можеше да го реши проблемот, меѓутоа од страна на меѓународниот фактор кој што

ја набљудуваше ситуацијата не им беше дозволено да ја запрат војната која според нивното мислење и заклучок настана таа 2001 година. Меѓутоа и покрај се, овие тогашни учесници во конфликтот од 2001 година од македонската страна, сметаат дека единствени победници од таа војна излегоа само политичарите, додека пак македонскиот народ и АРМ беа целосно понижени од сопствените водачи и лидери кои подлегнаа на барањата на меѓународниот фактор. Според нив,тоа беше војна помеѓу Македонија и организираните вооружени групи на Албанците од Косово кои што имаа единствена намера - а тоа е целосно да ја загрозат независноста на Република Македонија. Според мислењето и ставот на овие лица во 2001 година прво настана еден конкретен вооружен судир кој што подоцна прерасна во војна.

Во однос на прашањето: дали со тогашно прогласување на воена состојба во Р. Македонија, се укажуваше дека конфликтот ескалирал во војна, овие лица кои што беа предмет на ова интервјуирање, целосно се надоврзаа, а со самото тоа ги потврдија ставовите искажани во однос на претходното прашање, и уште еднаш според нив - без никакво двоумење го искажаа своето размислување според кое во 2001 година во Република Македонија се случи војна, па како резултат на сето тоа од страна на тогашниот Претседател на Република Македонија беше прогласена воена состојба.

Во однос на сите поставени прашања при ова групно интервјуирање, посебно внимание и посветеност самите тие оддадоа на прашањето за Охридскиот договор, односно на прашањето дали тие сметаат дека Охридскиот договор претставуваше вистински разрешувачки завршен чин со помош на кој што тогашниот конфликт се трансформираше во мир? При одговарањето на ова прашање, сите меѓусебно - еден со друг се надополнуваа во однос на сопствените коментари и одговори по однос на ова прашање, при што од самиот старт можеше да се заклучи дека Охридскиот Рамковен договор за нив како тогашни припадници - на македонската одбрамбена страна, овој договор претставува еден вид на капитулација бидејќи според нив македонската страна отстапи од својата тогашна зацртана политика спорема албанскиот народ кој што живее во Македонија. По однос на

ова прашање, самите тие истакнаа дека потпишувањето на Охридскиот Рамковен договор претставува поразителен чин за македонската страна која што беше притисната од страна на меѓународната заедница и САД. Според лицата кои беа предмет на интервјуирање - со овој договор на албанското население во Македонија им се овозможи реализирање на една динамика на остварување на голем број на непотребни слободи и права на албанската заедница која што живее во Република Македонија, односно им се дадоа такви права кои што до тогаш не биле застапувани или остварувани во такви рамки какви што имал зацртан албанскиот народ кој живее во оваа земја.

Според мислењето на интервјуираните лица - Рамковниот договор не претставува конечен договор кој што целосно ги опфаќа сите етнички односи засекогаш, туку напротив, **самиот тој дава повеќе рамки за осврт кон институционалните и правните механизми и прашања.**

При интервјуирањето на оваа група македонци кои биле дел од конфликтот во таа 2001 година, беа поставени и голем дел на други прашања кои што произлегуваат од поставените хипотези на овој Магистерски труд, при што нивните одговори по однос на ваквите прашања следуваат во прилог, како еден конкретен нивен став кој што е прикажан во понатамошниот текст. Како што истакнуваат овие лица - односот и влијанието на меѓународната заедница, а посебно влијанието на САД во настаните во Република Македонија во 2001 година придонесе за завршување на тогашната конфликтна состојба. Според нив - во тој период ако меѓународната заедница не посредуваше, и ако не ги извадеше од Арачиново припадниците на ОНА, ситуацијата целосно ќе ескалираше во еден голем граѓански конфликт, при што тогаш македонските граѓани мислеа дека овој конфликт е на повидок кон успех, меѓутоа за нив интервенцијата на НАТО беше дефинирана како воен неуспех.

Во однос на тоа дали конфликтот во 2001 година можеше да биде избегнат, овие интервјуирани лица кои биле учесници во конфликтот го искажаа своето размислување според кое што конфликтот не можел на никој начин да биде избегнат, зашто албанското население од Македонија во тој период не остапувало од нивните барања, а за македонската страна сето тоа беше неприфатливо во тој временски период, па како резултат на постоечките тогашни тензии помеѓу македонската и албанската етничка заедница, немало никаква логика конфликтот да биде избегнат, и да се спречи неговото појавување. Според овие интервјуирани лица - Република Македонија денес е побезбедна, постабилна, подемократска и поевропски ориентирана држава, каде што постои политика на дијалог и едно заемно почитување, наместо екстремистичко насилство и однесување кое постоеше порано, при што дефинирано со други зборови денеска во Република Македонија постои голема надеж дека можностите за мирен и конструктивен дијалог во регионот се повеќе од реални, можни и речиси целосно остварливи.

## 5.2. Анализа на ставовите и мислењата на албанската етничка заедница во однос на конфликтот од 2001 година и на процесот на неговото разрешување

Во прилог на оваа точка, следуваат одговорите од сите прашања добиени од страна на лицата од албанска етничка заедница, односно од лицата кои беа предмет на интервјуирање во однос на темата која што е предмет на изработка на овој Магистерски труд.

Во прилог следат ставовите и размислувањата кои се преточени во одговори во однос на темата која е предмет на истражување и интервјуирање од страна на **поранешен албански пратеник.** Според него - причините за појавата на конфликтот од 2001 година влечат корени уште од распадот на СФР Југославија и добивањето на независност на Република Македонија. Според него- тогаш лесно можеше како држава да се навлезе во

уште подлабока политичка и безбедносна криза, и дека албанците со тогашниот донесен устав на Република Македонија од 1991 година загубија многу од правата кои ги уживаа со претходниот устав кој беше донесен од 1974 година. Според овој поранеше пратеник - во 2001 година во Република Македонија се случи конфликт на дел наоружани албанци, прифатени и поддржани од над 90% од албанската популација против погрешните националистички политики на тогашните влади. Според размислувањето на ова интервјуирано лице, во тој временски период имало обиди, поточно барање од тогашниот премиер, Претседателот на државата да прогласи воена состојба, но тоа не се случило бидејќи државата не била нападната од надвор. Ккао што истакнува ова лице-ако уште од порано Република Македонија се водеше од политичари кои што имаа визија и малку демократска едукација, уште тогаш ќе размислувале за консензуална демократија. Во однос на ова, според него доколку од осамостојувањето на Република Македонија преовладуваше разумот и консензуалната демократија наместо нумеричка мароризација кај тогашните политички елити од македонската провинција, сигурно дека ќе се избегнеше конфликтот. Охридскиот договор (како што нагласи ова интервјуирано лице) не само што го прекина конфликтот, туку и го трасира патот по кој требаше да се движи Република Македонија а тоа е Евро - Атланската ориентација. Меѓутоа после Охридскиот договор започна една нова реалност и нов устав каде главниот дух се карактеризира со една консензуална демократија - надополни самиот тој. Новата реалност за жал со леснотија не можеа да ја прифатат политичките елити од македонскиот блок, па како резултат на тоа изгубено е големо драгоцено време за интеграција на земјата. Денеска како членка на НАТО сме побезбедни и живееме во посигурна држава, при што во Македонија има голем напредок и постои надеж дека во земјата ќе се инвестира многу повеќе во овој правец. Денеска политичката елити се под постојан мониторинг, при што нема да може да користи мали екстремистички сили и да го дестабилизираа регионот. Генарално гледано, според овој поранешен пратеник денеска македонскиот и албанскиот народ кој живее во Македонија многу повеќе е поблизок за разлика од порано. Според

него - мал дел од македонскиот народ, а најмногу политичките елити заради дневно политички цели кажуваат дека со потпишувањето на Охридскиот договор им се дадоа многу права и привилегии на албанското население кое што живее на територијата на Р. Македонија, а сето ова го прават од недостаток на политичка понуда.

Во текот на интервјуирањето овој поранешен албански пратеник истакнува дека - се додека архитектот на ОРД од страна на албанците редовно ги добива изборите кај албанскот мнозински дел од албанското наеление, ќе формира став дека со разрешувањето на конфликтот албанската етничка заедница која што живее во Р. Македонија, на хартија ги доби своите права како етничка заедница.

**Значајно место помеѓу интервјуираните лица зазема и интелектуалецот - албански доктор на науки -** според кој причините за појавата на конфликтот од 2001 година влечат корени уште од распадот на СФР Југославија и добивањето на независност на Република Македонија. Како што истакнува и самиот тој последните години се водеше жестока пропаганда која наводно се бореше против албанскиот национализам и иредентизам во Југославија, а особено во Србија, Македонија и Црна Гора. Според него - "Претседателот на Централниот комитет на Сојузот на Комунисти на Македонија - Милан Панчевски, ги спореди мајките Албанки со машини за перење, при што на состанокот на Комитетот нагласи дека машината за перење е должна да мие облека, додека пак албанките да раѓаат деца" . Според неговото размислување да не беше потпишан Охридскиот договор, Македонија ќе мораше да копа се повеќе и се подлабоко секој ден, бидејќи Македонија немаше моќ да се соочи со албанските востаници, а последиците ќе беа катастрофални за двата народа.

Исто така овој албански доктор на науки во интервјуто нагласува дека Уставот од 1991 година за албанското население во Македонија беше катастрофална загуба, бидејќи со самото тоа албанците беа избришани од Уставот од 1974 година. Незадоволството кај албанското население растеше од ден на ден, при што наместо да се обидат да преземат чекори за смирување на ситуацијата, македонските власти се повеќе нагласуваа дека

Македонија е држава на Македонците. Ова се одрази на вработувањето во државната служба, армијата и полицијата ... При што врз основа на сето ова, не стануваше збор за тоа дали ќе започне конфликтот, туку кога ќе започне конфликтот. Според него - прогласувањето на воена состојба од страна на Република Македонија во тој период навистина претставуваше полусредна грешка, бидејќи Македонија не беше нападната од друга држава, бидејќи конфликтот беше меѓу албанското население и граѓаните на државата во која што самите тие живеат.

Овој доктор на науки нагласува дека во тој временски период политичката моќ на земјите беше погрешна од самиот почеток, се додека "Македонија е македонска држава", бидејќи не постои модерна држава во која има национализам и националност. Според него, Охридскиот Рамковен договор пред се донесе и воспостави мир, иако самиот тој договор не е совршен, затоа што многу прашања не беа опфатени со тој договор. Меѓутоа и покрај се, Охридскиот Рамковен договор претставува добра основа за стабилност и мир во земјата.

Во спроведеното интервју, овој албански доктор на науки смета дека меѓународната заедница и САД што се однесува до конфликтот во Македонија одиграа голема улога во процесот на завршувањето на конфликтот. Како што самиот укажува - конфликтот во 2001 година ќе можеше да се одбегне, ако имаше политичко послушување во земјата, при што иако беше направена голема грешка во 1991 година за време на усвојувањето на Уставот, можеа да започнат повеќе политички мерки врз основа на кои што ќе се овозможеше ублажување на неправдите кои што беа направени за албанците, па дури и за промена на уставот со уставни амандмани. Исто така интервјуираното лице истакнува дека во секој случај Република Македонија по 2001 година е побезбедна, постабилна, подемократска и поевропски ориентирана држава. Врз основа на неговите сопствени согледувања денес во Република Македонија постои политика на дијалог и едно заемно почитување, наместо екстремистичко насилство и однесување кое постоеше порано, и исто така направен е голем чекор напред.

Овој доктор на науки потенцира дека многу може да се постигне со превентивни мерки, бидејќи паметните луѓе учат од грешките на другите, а за жал ние на Балканот честопати не учиме од нашите грешки. Според него, тековниот конструктивен дијалог во регионот е во тек, при што самиот тој има напишано и едно отворено писмо до тогашниот претседател Киро Глигоров уште во 1991 година. Во ова писмо на Претседателот му се нагласува дека за подобрување на односите, не беше потребно како Претседател на државата да патува во Словенија, Хрватска, Црна Гора за да разговара за мирот, туку да замине да разговара за мирот во Кичево, Гостивар и сл. се со цел за да се подобри соживотот со Албанците кои живеат во Република Македонија.

Ова интервјуирано лице смета дека кај мнозинството од македонска етничка група до ден денес доминира ставот според кој со самото решавање на конфликтот и со потпишувањето на Охридскиот договор им се дадоа многу права и привилегии на албанското население кое што живее на територијата на Р. Македонија. Во однос на ова нагласува дека - од ден на ден тоа мнозинство се намалува, при што сега ситуацијата е целосно поинаква отколку веднаш по потпишувањето на договорот. Како што се спроведуваше процесот, односно постапката на интервјуирање, ова лице го нагласува и неговиот сопствен став дека во нашата држава се создаваат услови во однос на целосно прифаќање и валоризирање на новите вредности во однос на афирмирање на поголема демократија и поголема рамноправност.

**Во прилог следуваат одговорите, ставовите и размислувањата во однос на спроведеното интервју со декан на еден Универзитет во Р. Македонија од албанска националност, кој што во минатото беше пратеник.** Според него, причините за појавата на конфликтот од 2001 година влечат корени уште од распадот на СФР Југославија и добивањето на независност на Република Македонија. Исто така, ова лице во самото интервју потенцира дека албанците во тој временски период не се сложуваа со формулацијата на прашањето за референдум каде останувашe можноста РМ да може да биде дел од некоја мини Југославија односно Србославија. Друг проблем беше што во

прашањето за референдум не се зедоа во предвид барањата на Албанците (преку нивните претставници во парламент ПДП (Партија за Демократски Просперитет) на некој начин да биде предвиден кој ќе биде нивниот политички статус во таа нова држава. Како што укажува ова лице од албанската етничка заедница во самото интервју, во периодот од 2000 до 2001 година Република Македонија беше држава која што лесно можеше да навлезе во уште подлабока политичка и безбедносна криза од таа која што настана во тој временски период. Според него, самите тие не применија уште на почеток постоење на некој мек вид на "power sharing".-односно дека од првата влада се воспостави непишано правило Албанците да учествуваат во извршната власт (владата) која овозможуваше конфликтите место на улица да се префрлат во институциите на системот. Според него, дел од стекнатите права со уставот од 1974 и со уставот на 1991 година за албанците во Македонија беа укинати, како што беа употребата на националните симболи, употреба на јазикот и образованието. Како што нагласува овој поранешен пратеник, во 2001 година дојде до вооружен конфликт помеѓу воените и полициските сили и доброволна вооружена група, при што можеше војната место за права да се претвори во борба за територии за кои се залагаа некои воено политички кругови вклучувајќи ја и Академијата на Науки и Уметности. Според него, со тогашно прогласување на воена состојба во Р. Македонија, имаше обид да се укаже дека конфликтот ескалирал во војна, но не се прогласи војна состојба, бидејќи за тоа требаше да гласат 81 пратеник во собранието на Република Македонија, меѓутоа тоа не се случи.

Како што нагласува ова интервјуирано лице во самото интервју, Охридскиот рамковен договор претставува еден модел на решавање на конфликти по метод на менаџирање со разлики, наместо методот на елиминирање на разлики што го применуваше Милошевич преку етничко чистење и геноцид. Во денешни услови според него - Република Македонија по 2001 година е побезбедна, постабилна, подемократска и поевропски ориентирана држава, и дека денеска постои политички дијалог кој што треба да се усоврши и да прерасне во филозофија на функционирање на една мултиетничка држава

како што е Република Македонија. На крајот, оваа лице исто така смета дека денеска е неопходна потребата за превентивно дејствување посебно по зачленувањето во НАТО и евентуално почеток на преговори со ЕУ. Исто така на крајот на самото интервју, интервјуираното лице нагласи дека албанците имаат поголема доверба во меѓународниот фактор додека македонците се по скептични, а исто така нагласува и дека кај мнозинството од македонска етничка група до ден денес сеуште доминира ставот според кој што со самото решавање на конфликтот и со потпишувањето на Охридскиот договор им се дадоа многу права и привилегии на албанското население кое што живее на територијата на Р. Македонија. Како што потенцира во спроведеното интервју, ова лице смета дека до ден денес во нашата држава, се создаваат услови во однос на целосно прифаќање и валоризирање на новите вредности.

**Во прилог следуваат ставовите, мислењата и конкретните одговори од страна на уште едно интервјуирано лице од албанската етничка заедница.** Според него, по војната во Словенија како и во другите републики на СФРЈ се очекуваше да има војни или конфликти. Исто така според него и добивањето на независност на Република Македонија е поврзано со истото, па како резултат на ова референдумот за независност беше бојкотиран од страна на албанците. Според кажувањата на ова лице кое што беше предмет на интервјуирање, самото тоа не смета дека во периодот од 2000 до 2001 година Република Македонија беше држава која што лесно можеше да навлезе во уште подлабока политичка и безбедносна криза од таа која што настана во тој временски период. Како и претходните лица со кои што беше извршено интервјуото од страна на албанската етничка заедница, така и ова интервјуирано лице смета дека албанското население кое живее во Македонија со Уставот од 1991 година, изгуби некои од правата кои уживаше со Уставот од 1974 година. Исто така при самото интервјуирање потенцира дека во 2001 година во Република Македонија имаше конфликт, кој што без влијание на меѓународната заедница можеше да ескалира во војна. Според него - откако Република Македонија стана независна држава, не требаше да значи дека внатрешното уредување може да биде онака

како што ќе одлучи мнозинската заедница во Македонија, бидејќи Република Македонија е мултиетничка држава. Врз основа на сето ова, во текот на интервјуто, интервјуираното лице потенцира дека Охридскиот договор претставува разрешувачки завршен чин, и дека конфликтот ќе можеше да се избегне доколку претходно работите се одвиваа во еден поинаков правец. Меѓутоа и покрај се што се случи, самиот тој потенцира дека денеска во Република Македонија постои политика на дијалог и едно заемно почитување, бидејќи никој не сака да се врати назад и преку насилство да придобива нешто. Според него - денеска неопходно е едно превентивно дејтсвување бидејќи се е оставрливо по еден мирен пат, па дури и мирот во региотот. Според неговото размислување- денеска и двете заедници се сложуваат дека улогата на Меѓународната заедница беше главен фактор без кој не можеше да се реши конфликтот, меѓутоа исто така смета и дека мнозинството од македонската етничка група и до ден денес мисли дека им се дадени многу права и привилегии на албанското население во Република Македонија. Во текот на интервјуирањето како резултат на неговите гледишта се добива впечатокот според кој што ова лице смета дека Република Македонија има можност и услови на целосно прифаќање и валоризирање на новите вредности во однос на афирмирање на поголема демократија.

**Во прилог следуваат конкретните ставови, мислења, размислувања и одговори на уште едно ново интервјуирано лице од албанската етничка заедница,** по пат на повеќе прашања за темата која што е предмет на изработка на овој Магистерски труд. Според ова ново интервјуирано лице - распадот на Југославија и независноста на Република Македонија предизвикаа длабоки политички, социјални и економски промени во земјата. Плурализмот беше тој кој што се манифестираше со формирање на политички партии кои, наместо идеолошкиот, имаа силен етнички карактер. Како резултат на оваа транзиција, голем дел од населението остана невработено, додека сиромаштијата, корупцијата, криминалот и економската криза заземаа огромни размери. Како што истакнува ова интервјуирано лице, во 2001година во Република Македонија се случи вооружен

конфликт помеѓу ОНА и Армијата на Република Македонија. Според него - исто така не може да се каже дека конфликтот ескалирал во војна, бидејќи беше само еден вооружен конфликт. Според него-албанскиот народ ги изгуби своите права кои ги уживаше со Уставот од 1974 година, меѓутоа со текот на времето на ред доаѓа и Охридскиот Рамковен договор кој што целосно и безусловно ја отфрла употребата на насилството за остварување на политичките цели. Кај ова лице преовладува ставот дека конфликтот во 2001 година можеше да се избегне и дека денеска Република Македонија е побезбедна, постабилна, подемократска и поевропски ориентирана држава. Како што продолжуваше самиот тек на интервјуто, тој целосно го искажува својот став дека комплетно се согласува со фактот дека неопходна е потреба за превентивно дејствување и научените лекции од конфликтот мора да бидат повторно соединети.

На крајот на самото интервју одговара и на последното прашање според кое што смета дека денес во нашата држава се создаваат услови во однос на целосно прифаќање и валоризирање на новите вредности во однос на афирмирање на поголема демократија и поголема рамноправност на сите етнички заедници кои што живеат во Р.Македонија.

**Во прилог следуваат ставовите и размислувањата добиени врз основа на спроведеното интервју со еден припадник од албанската етничка заедница, кој моментално работи како професор во средно училиште.** Неговите заклучоци и одговори во однос на темата која што е предмет на истражување и интервјуирање ќе бидат презентирани во прилог, при што истите го претставуваат неговото размислување во однос на појавата и разрешувањето на конфликтот од 2001 година кој тогаш се појави во Република Македонија. Според размислувањето на овој професор, причините за појава на конфликтот влечат корени уште од распадот на СФРЈ, бидејќи уште тогаш албанците во Југославија - а и веднаш по независноста на Македонија, не ги уживаа своите права кои што ги заслужуваат, и кои ги уживаа со Уставот од 1974 година. Според неговото мислење - во периодот од 2000 до 2001 година Република Македонија беше држава која

што лесно можеше да навлезе во уште подлабока политичка и безбедносна криза бидејќи што тогаш на власт беа ВМРО-ДПМНЕ и ДПА, две политички партии каде што едната имаше македонска национална програма, додека пак другата нудеше албанска национална програма. Како што истакнува овој професор кој што беше предмет на интервјуирање, дел од албанците кои што живеат овде, како и дел од албанците кои што живеат и работат во странство, незадоволни од динамиката на реализација на правата на албанците во оваа земја, во тој период донесоа одлука врз основа на која што преку еден вооружен организиран начин да ги бараат своите права, права кои што им следуваат, меѓутоа самиот конфликт ќе прераснеше во нешто поголемо доколку не дејствуваше меѓународниот фактор. И покрај сите неточни гласини во однос на тоа дека Македонија во тој период беше нападната од странска земја, овој професор во самото интервју го потврдува севкупниот став дека тогаш Република Македонија не беше нападната од ниту една странска соседна земја, туку напротив - единствено нешто што тогаш се случи беше внатрешен конфликт. Според мислењето на овој професор, до конфликт немаше да дојде доколку политичарите тогаш беа помудри и попаметни, како и доколку сите измени кои што се случија по 2001 година кои беа во интерес на албанците се случија малку порано, преку еден политички дијалог помеѓу партиите во Македонското Собрание во периодот од независноста на Македонија па се до почетокот на конфликтот. Како што истакнува професорот, конфликтот заврши со потпишувањето на Охридскиот Рамковен договор, каде голема улога во процесот на потпишување имаше меѓународниот фактор, а посебно САД кои придонесоа за прекин на овој вооружен конфликт.

Како што истакнува овој професор кој во овој труд се наоѓа во улога на интервјуирано лице, веднаш по 2001 година Република Македонија станува побезбедна земја за живеење, како и земја која што се движи кон еден европски пат. Врз основа на ова според мислењето од професорот - научените лекции од минатото не треба да се заборават. Според него, денес во Република Македонија постојат услови за прифаќање и

афирмирање на демократијата и поголема рамноправност на етничките заедници во оваа земја, како и политика на мирен и конструктивен дијалог. Врз основа на тоа, ако сакаме да се движиме по патот кон Европа, тогаш во таков случај треба да ги поседуваме истите европски права, бидејќи внатрешната стабилност на земјата зависи од уживањето на тие права. Како што истакнува професорот, денеска голем број на албанци мислат дека Охридскиот договор претставува една основна рамка, каде што неговото доследно применување ќе придонесе албанското население и понатаму да се бори за своите права, се со цел таквите права да не останат впишани само на хартија.

**Во прилог следуваат размислувањата и ставовите на едно лице од албанската етничка заедница кое беше учесник во неколку војни.** Според него, во уставот од 1974 на СФР Југославија, Косово беше во федерација на Југосавија. Во 1989 настанува таква ситуација каде што Србија на Косово и ја зема автономијата што ја имаше во уставот од 1974 година, при што со овој Устав Косово излезе од СФР Југославија. Како резултат на ова Албанцтите од оваа причина ги напуштија своите работни места поради фактот дека не саакаат да бидат под Србија. Според овој учесник на конфликтот од 2001 година "од тој период албанците почнаа да се бораат за нивните правата. По оваа ќе почнеше војна во Косово, но водителите на Косово не дозволија, па затоа војната почна во Словенија која се сметаше како мала војна, а после настана војна во Хрватска. Веднаш потоа и во Босна и Херцеговина. Албанците тогаш се собраа да почнаат војна во Македонија, Косово и Албанија (секаде каде што има албанци) заради тоа што на албанците им се одземаа сите права.

Како што се одвиваше процесот на интервјуирање, интервјираното лице нагласи дека со независноста на Македонија на албанците им се заземаа сите права што ги имаа во СФР Југославија. Македонската држава беше таа која почна да затвора голем број на функционерни како: Невзат Халили - лидер на ПДП (Партија за Демократски Просперитет); Митат Емини-секретар на ПДП; Исен Хаскај -капетан на територијална

одбрана на кого српската полиција му фати документација со факти дека албанците се спремувата за војна, а Македонија го затвора со казна затвор од 8 и пол години.

Според него - "Во овој период во Македонија немаше војна поради тоа што не дозволуваше Киро Глигоров, меѓутоа во тој временски период Србија на Македонија што и одзеде буквално се, како што е оружје, хилихоптери, и слично".

Како што истакнува ова лице, во текот на војните, Албанците доброволно учествуваaa на сите војни во овој периот, дури и во Хрватска, при што веднаш после овие војни албанците започнуваат подготовки за да се спремат за војување на нивната територија на Косово. Во 1997 прашањето на албанците било дали војната да почне во Косово или во Македонија, па веднаш се донесува одлука од страна на водачите на влста на албанците во овој период војната да почне во Косово - тоа се случува на 28 ноември 1997 година со појавувањето на Ослободителната војска на Косово (ОВК). За времето на војната во Косово, ослободителната армија се заколнува да војува секаде каде има албански народ и сите тие да бидат заедно во една албанска држава. Со интервенцијата на НАТО во Косово заврши војната, при што се постигнува договор со Американците, албанскиот народ да ги има истите права во Србија што ги има српскиот народ во Косово. Во тој период кога уште се војуваше во Прешево почна да се војува во Македнија во 2000 година со неколку инциденти од страна на албанската страна против Македонската држава. Како што истакнува ова интервјуирано лице-во 2001 година во Македонија официјално започнува конфликтот, не само за правдата на албанците туку да се подели Македонската држава на 50/50, меѓутоа НАТО не дозволи да се случи оваа што им беше во план на Националната Ослободителна Армија. Според него во периодот од 2000 до 2001 година Република Македонија беше држава која што лесно можеше да навлезе во уште подлабока политичка и безбедносна криза од таа која што настана во тој временски период, поради тоа што можеше веќе да не постои како држава.

Како што се одвиваше разговорот и процесот на интервјуирање, се оформи ставот дека ова лице смета дека со независноста на Република Македонија, на албанскиот народ им се одзедоа многу права. Во оваа група спаѓаат повеќе права како што се: веење на знамето (дури им забранија и дома знаме да имаат), забрана да не постои албанско знаме, забрана за зборување на албански јазик во државните институции, образованието како и други останати праваа што ги уживаа во уставот на СФР Југославија. Според него - тогаш конфликтот можеше да ескалира (премине) кон почеток на војна во која имаше загинати војници од двете етнички групи и имаше цивили од албанската етничка група во с.Слупчанеи, с. Луботен  и македонска етничка група во Тетово. Како што истакнува самиот тој - без разлика дали тогаш се прогласи воена состојба,  на Албанската нација им беше битно да ја поделат државата на 50/50, при што во текот на конфликтот идејата им беше да ја прошират војната во Република Македонија. Поради тоа што не беа земени во предвит барањата на албанците, во 1993 албанците имаа референдум за нивните права, за автономија во Република Македонија и  за територијално проширување на Илирида. Во однос на Охридскиот договор овој учесник на конфиктот, нагласи дека Охридскиот договор претставуваше вистински разрешувачки завршен чин со помош на кој што тогашниот  конфликт се трансформираше во мир, меѓутоа албанските војници не беа задоволни со дадените права од договорот,  меѓутоа според него - денес и по 20 години од договорот тие права не се спроведени.

Според него, Американците не дозволија да се подели Македонија, и дека  конфликтот можеше да се избегне  многу порано  уште во 1991 година ако на албанците тогаш им се дадоа бараните права.  Меѓутоа (според него) после тој чекор немаше никакви шанси како конфликтот да се избегне, па како резултат на сето ова, конфликтот порано или покасно ќе се случеше.

Врз основа на неговите размислувања може да се констатира дека денес во Република Македонија постои политика на дијалог и едно заемно почитување, наместо

екстремистичко насилство и однесување кое постоеше порано-поради тоа што уште во Втората светска војна албанците и македонците војуваа за заеднички правда. Денес во нашата држава се создаваат услови во однос на целосно прифаќање и валоризирање на новите вредности во однос на афирмирање на поголема демократија и поголема рамноправност на сите етнички заедници кои што живеат во Р. Македонија.

Во однос на прашањето дали македонската и албанската етничка заедница заеднички се сложуваат со самиот факт дека улогата на Меѓународната заедница претставуваше главен фактор без кој не можеше да се реши појавениот конфликт, ова лице изјави дека – “Не, сметам дека не се согласуваат”. Според него и до ден денес, албанското население во Р. Македонија се бори за целосна реализација на своите права, како и за остварување на сето она што беше предвидено со Охридскиот Рамковен Договор.

## ЗАКЛУЧОК

Прогласувањето на независноста на Македонија во 1991 година претставува еден од клучните настани за македонската историја и политика. Ако се навратиме наназад пред 1991 година, може да се констатира дека македонската државност беше целосно остварена во Југословенската Федерација. Но таа беше само една од шесте федерални единици, и истата не поседуваше целосна независност и суверенитет. Како резултат на ова, процесот на основањето на суверената македонска држава се дефинираше како еден историски настан кој што беше проследен со еден многу голем ентузијазам. Сето ова се потврдува преку референдумот за независност од 1991 година каде 95% од оние кои гласаа целосно ја поддржаа независноста на Македонија. Меѓутоа од страна на поголемиот дел на етничкото албанско население кое живее во Македонија, овој референдум беше целосно бојкотиран, бидејќи референдумот покрена некои битни прашања меѓу различните етнички групи во однос на процесот на легитимност на веќе новооформената држава. Во тој временски период албанците во Македонија беа засегнати од самиот статус кој што тие би го имале во оваа штотуку формирана македонска држава.

Посебна улога во однос на тоа што ни се случи во 2001 година има историската реалност, бидејќи сите конфликтни настани кои ни се случија во тој временски период можат да бидат дефинирани како историска реалност која што целосно треба да биде набљудувана од една историска призма. Со други зборови, во однос на претходно наведеното прашање, се доаѓа до самиот одговор дека конфликтот во 2001 година можеше целосно да се избегне ако сите прашања и дотогашни проблеми беа решени по пат на демократски и политички процес. Меѓутоа појавата на конфликтот е поврзана со правно-уставниот карактер, бидејќи албанците кои живеат во Македонија длабоко се убедени дека неправедноста која е направена врз нив доаѓа од нивниот уставно-правен статус. Со

создавањето на Уставот и Независноста на Македониа од 1991 година, најголем проблем беше тоа што внатрешното уредување беше онака како што ќе одлучеше мнозинската заедница во Македонија, при што тогаш воопшто не беа земени во предвид сите барања на албанците, иако самите тие цело време учествува во расправа и преку амандмани сака да го подобрат текстот на Уставот каде ќе бидат нотирани правата на албанците. Меѓутоа и покрај сето тоа барањата на албанците не беа прифатени.

Денеска кај добар дел од од албанско население доминира ставот дека со разрешувањето на конфликтот албанската етничка заедница која што живее во Р. Северна Македонија, на хартија ги доби своите права како етничка заедница, меѓутоа и до ден денес, албанското население во Р. Македонија се бори за целосна реализација на своите права, како и за остварување на сето она што беше предвидено со Охридскиот договор. Охридскиот Рамковен Договор за македонскиот народ претставува една неуспешна приказна меѓутоа дека самата по себе носи неколку придобивки кои се заеднички за македонскиот и албанскиот народ кој што живее во Република Македонија. Тоа се: креирање на решение на етничките проблеми, одбегнување на насилство како можност за решение, градење на културна толеранција, како и креирање процес на меѓусебно разбирање. Со Рамковниот договор единствени кои што треба да се горди од појавата на конфликтот се политичарите кои што си ги остварија своите цели, а некои можеби и зедоа “дебели пари” за потпишувањето на оваа “политичка зделка” Воо Македонија ќе се продлабочува спроведувањето на Охридскиот Рамковен договор, се со цел овој договор да се придвижи кон поконкретна реализација на аспирациите на сите оние творци кои што го создадоа и креираа.

Македонската и албанската етничка заедница се сложуваат дека улогата на Меѓународната заедница претставуваше главен фактор без кој не можеше да се реши појавениот конфликт.

За идните генерации, најважно е дека овој конфликт заврши така што ниту една страна од конфликтот не може да се смета ниту за победник, ниту за губитник, бидејќи животот во оваа наша Македонија треба да продолжи натаму, по пат на заедничко создавање и живеење на овие простори. Во однос на сето ова, неопходно е генерациите што допрва ќе дојдат да растат и живеат во еден дух кој што подразбира процес на меѓусебно разбирање преку примена на меѓусебна енергија. На ваков начин во иднина може да биде креиран дух на конкретно размислување за сите настанати процеси. Конфликтното прашање треба да биде целосно дебатирано земајќи ги во предвид сите постоечки научни факти на минатото.

И покрај големиот број на дилеми и спротиставени мислења, се доаѓа до заклучокот дека нашата земја по 2001 година, а посебно во денешни услови на меѓусебно живеење е: побезбедна, постабилна, подемократска, како и поевропски ориентирана земја. Во денешни услови каде што се прават заеднички напори за меѓусебно помирување и заедничко живеење потребно е денеска двете најголеми етнички заедници кои што живеат во Македонија повеќе да се фокусираат кон ефектите од конфликтот, отколку на причините за неговата појава, затоа што ако се движиме кон едно заедничко општество за сите, потребно е да се гледа напред, и правецот на движење и дејствување на земјата да биде насочен кон заедничко управување и заедничко донесување на одлуки кои ќе бидат од заедничка корист за сите етнички заедници кои живеат во оваа земја. Денес, и покрај тоа што албанскиот народ во Македонија претрпе голем број на различни видови на неправди кои беа производ на минатиот период, сепак албанците во Македонија подаваат рака за меѓусебна соработка и живеење со македонскиот народ. Меѓутоа не треба да се заборави дека албанците во Македонија во минатото се соочуваа со нееднаков третман од страна на полицијата и судските органи.

## Користена литература:

Ackerman, Alice, 1999. *Making Peace Prevail: Preventing Violent Conflict in Macedonia,* Syracuse Univ. Press, Syracuse, New York: USA.

Atanasov, Peter. 2006. *The Progress of the »Ohrid Process« in Macedonia*. In: Dardel, Jean-Jacques, Gustenau Gustav and Pantev Plamen (eds.): Post-Conflict Rehabilitation. Lessons from South East Europe and Strategic Consequences for the Euro-Atlantic Community. Dunaj, Sofija: NationalDefence Academy and Bureau for Security Policy.

Ayoob, Mohamed. 1993. *Squaring the Circle: Collective Security in a System of States,* In: Weiss Thomas G. (ed.): Collective Security in a Changing World. Lynne Rienner Publishers, Boulder & London. pp. 45–63.

Avruch, Kevin, *What is Training All About*, Negotiation Journal, 2009/2.

Бакрески, Оливер. 2005. *Стратегиско управување со кризи,* Во Зборник: Управување со кризи во Република Македонија. Скопје: Министерство за одбрана

Бакрески, Оливер.  Милашиновиќ, Срѓан. Кешетовиќ, Желимир. 2012. Теории на менџментот и конфликтите, Филозофски факултет, Скопје,

Bytyči, Husni. 2006. Kosova dhe shqipëtarët: pozita kushtetuese – juridike e shqipëtarëve në ish-Jugosllavi. Prishtinë.

Baylis, John in Smith Steve. 2001. *The globalization of world politics*: *an introduction to international relations.* Oxford, New York: Oxford *University Press*

Booth, Ken. 1990. *Steps Towards Stable Peace in Europe: A Theory and Practice of Coexistence,* International Affairs, January.

Booth, Ken. 1991. *Security Emancipation*, Review of International Studies 17 (4)

Bercovitch, Fretter, Jacob and Judith. 2007. Studying International

Brown, Harold. 1983. Thinking about National Security. Boulder

Brown, Michael .1996. *The Causes and Regional Dimensions of Internal Conflict,* in The International Dimensions of Internal Conflict, Cambridge, MA: MIT Press,

Buzan, Barry in Wæver, Ole. 1998. Jaap de Wilde, Security. A New

Berghe, Van den, Piere. 1987. *The Ethnic Phenomenon,* Praeger, New York, USA

Bigo, Didier. 2008. *International Political Sociology*. in: Security Studies: An Introduction, Routledge. Williams, Paul. (ed.). New York: USA, pp. 116-132

Bieber, Florian .2004. Institutionalizing Ethnicity in the Western Balkans Managing Change in Deeply Divided Societies, 229-46

Benko, Vlado. 1997. *Zgodovina mednarodnih odnosov.* Znanstveno in publicistično

Bellamy, Alex. 2002. Kosovo and international society

Ванковска, Билјана. 2007. Политички систем, Скопје: Бомат Крафис

Vukadinović, Rадован. 2004. *Međunarodni politički odnosi,* Politička kultura, Zagreb, Hrvatska.

Георгиева, Лидија. 2006. Менаџирање на ризици. Филозофски факултет, Скопје

Gabrič, Melita. 2006. *Mediation as means of transforming a violent conflict:* a case study of the mediation in the Macedonian conflict. PhD dissertation. Ljubljana: Faculty of Social Sciences/University of Ljubljana

Gounev, Philip. 2003. *Stabilizing Macedonia*: *conflict prevention, development and organized crime*: Stability will not come to Macedonia until its rampant organized crime is addressed, Journal of International Affairs 57(1),

Daskalovski, Zhidas. 2006. *Walking on the Edge: consolidating multiethnic Macedonia 1989-2000*. Skopje: Globic Press.

Daftary, Farimah. 2001. *Conflict Resolution in FYR Macedonia: Power-Sharing or ‘Civic Approach?* Helsinki Monitor, Nr. 4, pp. 291-312.

Dоналд, Horowitz. 1985. *The Handbook of interethnic coexistence*, New York: Continuum. Ethnic groups in conflict, Los Angeles: Press Barcley.

Камбовски, Владо. 1998. Меѓународно казнено право. Скопје: Просветно дело,

Камбовски, Владо. 1996. Правна држава и организиран криминал, Правен факултет, Скопје,

Камбовски, Владо. 2005. Организиран криминал, Штип: 2-ри Август С

Лејти, Марк. 2009. Спречување на војна во Македонија, Скопје,

Milenkovska, Marija. Tashevska-Remenski, Frosina. 2012. Macedonia – A decade after the ethnic conflict, International Conference ,,*From War to Eternal Peace on the 100th Anniversary of the Balkan Wars:* Good Neighborhood Relation in the Balkans, Hacettepe University, Dertment of International Relation,

Mueller, John. 2000. *The Banality of Ethnic War*, International Security, vol.25, no.1, pp. 42-70

Нацев, Зоран. Петрески, Тони. 2013. *Стратегиски проекции на Република Македонија во надворешната и безбедносната политика*, Кочани: Европа

Ортаковски, Владимир. 2002. *Ширење на конфликтот од Косово и уставните промени во Р. Македонија во 2001 година*, Годишник на Факултетот за безбедност, Скопје, стр. 9.

Петровски, Владо. 2007. Етничноста како фактор за образование во Република Македонија, Штип: Педагошки факултет

Поповски, Владо. 2007. *Охридскиот договор; Актуелните прашања за државата и правото на Република Македонија и Руската Федерација*: зборник на трудови, Правен Факултет „Јустинијан Први“, Скопје, стр. 271;

Сулејманов, Зоран. 2007. Криминологија, Скопје: Графос

Skinner, Beyond. Freedom. 1972. Beyond Freedom and Dignity. Harvard University Press.

Ташевска, Ременски, Фросина. 2007. *Албанците и Македонците: Етничката интеракција во Република Македонија, пред и по конфликтот од 2001година*; Скопје: „2-ри Август С“.

Tashevska-Remenski, Fросина. 2012. *The Armed Conflict in the Republic of Macedonia in 2001 – from the escalation of Albanian – Macedonian conflict process to signing the Ohrid Framework Agreement*(ed.) Crisis Management and Conflict Prevention in Eastern Europe and the Balkans: Lessons for Ukraine-EU Cooperation, edited by Malyarenko Tetyana and Wolff Stefan, Jean Monnet Program of EU,

Ташевска-Ременски, Фросина. 2007. *Некои општествено-политички аспекти на исламскиот фундаментализам и исламскиот тероризам*, Скопје: Современа македонска одбрана, бр.13, Министерство за одбрана на РМ,

Ташевска-Ременски, Фросина. 2007. *Етничките конфликти како форма на етничка интеракција и нивниот во новиот милениум,* Битола, Научното списание на Универзитетот „Св. Климент Охридски“,

Ташевска-Ременски, Фросина. 2011. *What can sociology tell us about terrorism in the world today*, Во Зборник на трудови од Научниот собир на ВШВР Бања Лука, Козара,

Ташевска-Ременски, Фросина. 2012. Механизми за решавање на етнички конфликти, Факултет за безбедност, Скопје

Topperwein, Nicole .2002. *Nation-State and Normative Diversity*. Fribourg: Institut du Federalisime

Фрчковски, Љубомир. Тупурковски, Васил. Ортаковски, Владимир.1955. Меѓународно јавно право. Скопје,

Hayden, Robert .1999. *Blueprints for a House Divided: The Constitutional Logic of the Yugoslav Conflicts*

Horowitz, Donald. 1985. Ethnic groups in confl ict, Berkeley and Los Angeles: University of California Press

Hobsbawm, Eric, Ranger, Terence ed. 1983. *The Invention of Tradition*. Cambridge University Press. ISBN 978-0521246453

Wolfers, Arnold. 1962. National Security as an Ambiguous Symbol. Discord and Collaboration 7. Baltimore, John Hopkins University